СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Осмото продолжение на Шеесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 9 септември 1993 година

Скопје, септември 1993 година

**8 ПРОДОЛЖЕНИЕ ОД 66-та СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РМ, ОДРЖАНА НА 9 СЕПТЕМВРИ 1993 год.**

Дискутанти:


1. АНДОВ СТОЈАН - 1, 2
2. АНАСТАСОВСКИ МИТКО - 53, 56.
3. АПОСТОЛОВСКИ НИКОЛА - 60, 63
4. АРСОВСКИ БРАНКО - 83, 87
5. АНДОНОВСКИ ГОЦЕ - 93
6. АНДОНОВ ТИМЕ - 96
7. АНЧЕВ ЕФТИМ -(Министер за земјоделство) - 96, 98, 105
8. ГОШЕВ ПЕТАР - 68, 72
9. ЃОРЃИЕВ ПЕТАР - 9
10. ЗИМБАКОВ ВАСИЛ - 92
11. ЗЛАТАНОВ ВАНЧО - 16, 18
12. ЗАФИРОВ ЈОРДАН - 40, 43, 87
13. ЈОВЧЕВСКИ ЦВЕТАН - 80
14. КОТЕВСКИ ЃОРЃИ - 28, 35
15. МИЛЕНКОВСКИ МАРИН - 3
16. МУРАТИ ЏЕЛАДИН - 5 (води седница)
17. МЛАДЕНОВ ВАНЧО - 35
18. МИЦЕВСКИ ТРАЈАН - 45, 50
19. ПЕТРОВ ТОДОР - 21
20. ПАУНОВ ТОДОСИЈА - 64
21. СТЕФКОВСКИ ТОМИСЛАВ - 2
22. СТОЈАНОВА СЛАВЈАНКА - 14
23. СТАНКОВСКИ РИСТО - 26
24. ТРПЧЕВСКИ ДУШАН - 57
25. АЕРИ ЏЕЛИЛ - 20
26. ЦВЕТКОВСКИ СТОЈМИР - 18
27. ЏАФЕРОВСКИ АЛИЛ - 88, 90
28. ШАЌИРИ ХИСНИ - 6


СЕДНИЦАТА ПРОДОЛЖУВА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од осмото продолжение на Шеесет и шестата седница одржана на 9 септември 1993 година

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија сала 1 со почеток во 12,10 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Стојан Андов, претседател на Собранието на Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ги молам службите да ги пребројат пратениците.

Известен сум дека во салата има 61 пратеник.

Според тоа можеме да продолжиме со работа.

Пратениците Ристо Стаменов., Јован Манчевски ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на .седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полномошно да одлучува

Како што сте известени Претседателството на Собранието заклучи да му предложи на Собранието привремено да го одложи претресот по Предлогот на законот за изменување и дополнување на Законот за избори и отповикување на пратеници и одборници.

Предлогот на закон за претседател на Република Македонија и

Предлогот на закон за политички партии, за меѓувреме да се извршат потребните усогласувања по пакетот изборни закони.

I/2/ДВ/ОМ

Со овој предлог во основа се опфаќа и предлогот на пратениците: Гулистана Марковска, Тодор Петров, Ефтим Манев и Гоце Андоновски.

Предлагам денес да продолжиме со работа по преостанатите точки од дневниот ред, почнувајќи од точката дваесет и една Информација за состојбите и проблемите во аграрот, како последица од сушата.

Кој е за молам да крене рака? (50) пратеници гласаа за.

Констатирам дека предлогот е усвоен. Минуваме на точка дваесет и еден. Господинот Томислав Стефковски бара збор.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници. Не искажувам сомневање во бројот на присутните. Таа обврска и таа одговорност ја носи претседателот на Собранието, што е неспорно. Едноставно барам пауза од пет минути за да пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ биде присутна на седницата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, пет минути пауза.

Ги молам сите пратеници да си останат на своите места. (се слушаат негодувања од пратениците).

Ве молам немојте така, јас Ве замолувам да останете во пратеничките клупи. Ние со господинот Стефковски сме 61 пратеник . Вие не ги гледате состојбите.

(По паузата)

Преминуваме на **21 точка** - Информација за штетите од сушата во земјоделството во 1993 година.

Информацијата, дополнувањата на Информацијата, извештаите на Комисијата за земјоделство и шумарство и Комисијата за стопанство, дописот на Комисијата за земјоделство и шумарство, предлогот на заклучокот, како и предлогот за изменување и дополнување на предлогот на заклучоците поднесени од пратеникот Тодор Петров во форма на амандмани Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес.

Молам кој бара збор?

Има збор господин Марин Миленковски, претседател на Комисијата.

**МАРИН МИЛЕНКОВСКИ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници. Сушата што ја зафати Република Македонија во текот на оваа година, која се уште трае, има големо влијание врз обемот и квалитетот на земјоделското производство.

Како што знаете по барање на пратениците дополнително е дополнет дневниот ред за 66 седница на Собранието на Република Македонија со Информација за штетите во земјоделството во 1993 год. Меѓутоа, барањето на пратениците во смисла на утврдување на штетите од сушата и предлагањето на мерки на санација беше преурането со оглед на утврдената методологија согласно Законот за заштита од елементарни непогоди каде сушата е предвидена како елементарна непогода. Затоа и Владата во својата Информација во јуни месец 1993

год. не можеше да изврши проценка на штетите ниту да предложи мерки за санација на последиците врз земјоделското производство туку само да не информира дека ги следи состојбите и проблемите согласно законската регулатива, со што произлегува дека во одделни региони сушата поприми карактер на елементарна непогода. Затоа Комисијата за земјоделство и шумарство сметаше дека е потребно да се изврши дополнување на оваа Информација и да се предложат мерки за санација на последиците од сушата за да може Собранието да расправа и да донесе заклучоци во таа функција.

Морам да нагласам дека од дополнувањето на оваа Информација можеме да ги согледаме причините за катастрофалните последици од сушата, особено последиците од сушата по општини кои се различни така да оштетувањата и намалувањата на приносот на култури варира и се движи во границите од 7 до 73% во однос на просекот од последнит 3 години.

Според извршената глобална проценка вкупната материјална штета во целата Република се оценува да изнесува околу 3,5 милијарди динари, износ во кој е вклучен износот и причинетата материјална штета прикажана во пристигнатите лаборати и извршената проценка на штети од некои општини во Републиката, согласно Законот за заштита од елементарни непогоди.

Конечна проценка на настанатите штети ќе имаме по извршувањето на реколтата во 1993 година.

Мерките што ги предлага Владата не се конкретни и тие во овој момент и не можат да бидат конкретни. Меѓутоа тие нудат решенија кои во моментот кога ќе се создадат нормативни услови Владата да интервенира во рамките на својата надлежност.

I/5.-

Ние мораме да сфатиме дека по Уставот Собранието е законодавно тело и треба да дејствува во тие рамки и да создадеме услови извршната власт да дејствува преку нормативната регулатива.

Ние доста добро ги познаваме вкупните состојби и проблеми во аграрот. неколку пати опсежно расправавме за тоа и донесовме краткорочни и долгорочни заклучоци. Меѓутоа, сеуште немаме изградено долгорочна аграрна политика. Тоа е причина што немаме стратегија за заштита од сушата, што доволно не вложуваме во санацијата и модернизацијата во стопанските објекти, што имаме недостиг на финансиски / средства за изградба на нови хидросистеми и слично.

Морам да нагласам дека Комисијата за земјоделство и шумарство опсежно расправаше за последиците од сушата во земјоделското производство како и за нејзиното влијание врз сточарството, водостопанството и преработувачките капацитети, при што има одделни укажувања и предложи што се давани во Извештајот што Ви е поделен.

Исто така врз основа на Информацијата и расправата поделени Ви се и Предлог заклучоците. Мислам дека тие Предлог заклучоци даваат рамки и нудат решение за можна санација на последиците од сушата па Ве молам во расправата посебно внимание да обрнете на истите односно во функција на нивно евентуално изменување и дополнување, а со цел истите да нудат решенија за ублажување на последиците од сушата.

(Со седницата продолжи да раководи Џеладин Мурати)

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор господин Хисни Шакири.

**ХИСНИ ШАКИРИ:**

Господа пратеници, за оваа проблематика по мое мислење парламентот расправа со големо задоцнување што претставува еден вид на неодговорност на државните органи почнувајќи од парламентот па до Владата. За несериозно однесување кон ова прашање зборуваат и самите факти кои произлегуваат од Информацијата за штетите од сушата во земјоделието, што подготви ресорното министерство.

Читајќи ја информацијата може да се констатира дека текстот се базира повеќе на состојбите на акумулациите на вештачките езера и високите температури што ја зафатија Републиката. Тоа го покажуваат и направените табели во еден дел на Информацијата.

Бидејќи насловот на Информацијата е многу јасен и дециден станува збор исклучиво за штетите и последиците од сушата во овој дел на стопанството. Затоа Владата би требало нешто повеќе да се ориентира кон ова прашање бидејќи и суштината на проблемот токму ова го бара. Ние господа сите знаеме дека сушата и тропските горештини ја доведоа целата земја во незавидна положба. Меѓу погодените од овие временски неприлики се најдоа и регионите со системот за наводнување, а последиците од недостиг на водата се катастрофални бидејќи земјоделците од овие региони сметале на хидросистемот и насадиле култури за кои е неопходно наводнување.

Кумановскиот регион кој во голем дел се наводнува од акумулацијата Липково, поради големата мрежа за наводнување секоја година постојат проблеми бидејќи нивниот капацитет не одговара на ваква голема површина, а за оваа година во Липковскиот терен и покрај системот за наводнување сушата го направи своето и штетите се непроценливи, бидејќи водостопанството на Куманово со рестрикција почна од месец јули во време кога беше најпотребна водата за сите

култури, а што е најлошо земјоделците од овој крај како и секогаш планирале на системот за наводнување и ги насадиле оние култури кои се наводнуваат дури до деветтиот месец, а водата се прекина целосно во почетокот на месец август, за градинарските култури, а за пченката тутунот и шеќерната репа дури во половината на јули месец. Така да голем дел од површините насадени со овие култури останаа без приноси Токму поради ваквите причини земјоделците од овој крај очекуваат да бидат ослободени од плаќање на водопридонес, бидејќи со добиените приноси не можат да се покријат ниту минималните производни трошоци, а камо ли да стане збор за било каква заработувачка. Со ова би сакал да кажам дека Водостопанството на Општина Куманово своите обврски предвидени со Законот не ги исполни кон земјоделците, што е парадоксално од нив бара стриктно да се почитува законот, што се однесува до плаќањето на водопридонесите. За ова зборуваат фактите што дури сега бараат плаќање на еден дел. Јас прашувам дали е логично и колку е оправдано во овие тешки и критични моменти со кои се соочуваат земјоделците да се ставаат во нерамноправна положба пред Законот и по сила на Законот да се принудуваат да му плаќаат на Водостопанство високи стапки за наводнување, чија цена по хектар култура изнесува повеќе од 5 илјади денари. Само задолжителен дел изнесува 1840 денари Ова претставува големо оптоварување и за оваа година не може ниеден производител да го проголта.

Земајќи ги предвид сите горе наведени факти за ова суптилно прашање треба да се одлучи со една добра анализа по сите општини кои се оштетени од сушата и на Владата Собранието да му предложи конкретен заклучок по оваа проблематика.

Што се однесува до дополнителната Информација што ја нуди Владата во неа на страна 2 стои дека кумановскиот терен водата за наводнување ја користел до 28.8.1993 година. Незнам дали е направена

техничка грешка или се работи за нешто друго, доколку таква Информација Владата добила од органот во Куманово, навистина ова претставува една катастрофална грешка бидејќи фактите не зборуваат така како што стои во делот на Информацијата и треба таа да се коригира.

II/1.- ПЈ-ВБ

**ПЕТАР ГОРГИЕВ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, Информацијата што е поднесена од страна на Владата и нејзиното дополнување по однос на последиците од сушата во земјоделството за 19 93 година, по мене, има смисла да се разгледува пред Собранието само ако обезбеди соодветни податоци и индикатори за големината на штетите, како во Републиката, така и во одредени региони што ќе бидат во основа односно основа за донесување на дополнителни мерки за ублажување на последиците од сушата.

Информацијата што првично ја добивме од Владата како основен материјал и на комисиската расправа, како на Комисијата за стопанство, така и во Комисијата за земјоделство доби една таква оценка што навистина не даваше одредени индикатори во делот на она што треба и кои мерки да се преземат, бидејќи во времето кога таа информација е изготвувана се немаа сигурно попрецизни согледувања по однос на можните штети што можат да настанат во земјоделството по однос на сушата. Оттука, таквата информација ние ја оценивме само како една информација која може да послужи како еден добар метеоролошки и хидролошки извештај, кој што може да биде само како основа за можните последици што после тоа може да настанат во делот на аграрот, заради сушата која што оваа година беше посебно изразена

Дополнителната информација што ја изготви Владата упатува на очекуваните штети, кои што во основа се ценат дека во есенските посеви ќе изнесуваат од 11 до 37%, во градинарските култури некаде до 47%, а по однос на штетите во лозарството сметам дека недоволно прецизно е утврдено, бидејќи веќе во општината Кавадарци има изготвено и посебно согледување од стручна комисија која што цени дека штетите во областа на лозарството заедно со штетите кои што беа од мразевите ќе изнесува

некаде до 50%, а исто  така оценка е на Министерството за земјоделство односно на Владата дека штетите во овоштарството ќе изнесуваат некаде 50 до 60%. Сите овие проценки упатуваат на тоа дека треба да се бараат посебни излезни решенија и кои што ќе бидат во функција на краткорочно санирање на последиците од штетата.

По однос на веќе преземените мерки сметам дека сосема со право во рамките на Владата, посебно Министерството за земјоделство, пратејќи ја својата активност и своите обврски упати на одредени обврски кон земјоделците, посебно во системите за наводнување кои што немаа доволно вода за одредени култури што бараат таква интервенција, посебно во системите "Мантово", "Турија" и "Водоча" каде што се препорачани уште навреме одредени промени во сеидбените планови, што значи дека да не се на одреден начин направат штети и во делот на уште самото почетно инвестирање во одредени култури.

По однос на изготвување на елаборатите за висината на штетата сметам дека од одредени општини не е догледано постапено затоа што веќе се знаат штетите по сите култури и можно било до Владата да се достават веќе конкретни елаборати како би можеле да се предложат и конкретни мерки, заради ублажување на последиците од штетата. Искажано беше во комисиската расправа дека само во 9 општини се поднесени такви елаборати, додека останатите општини не се вклучени. По мене, од оваа расправа треба да излез и обврска доколку се знаат кои се тие општини на одреден начин да се набележат тие општини и на одреден начин да се укаже на несоодветниот однос на стручните служби во тие општини, заради ненавременото доставување на тие податоци што ќе бидат основа за утврдување на вкупните штети, а исто така и за преземање на соодветните мерки.

II/3.-

Сметам дека предложените заклучоци односно предложените мерки од страна на Владата на краток рок се сосема во ред еден дел од средствата на Буџетот да се наменат на делот за Фондот за солидарност што во основа, по мене, не е добро нагласено во Информацијата би требало да се упатат кај одредени земјоделски домаќинства што исклучиво се бават со земјоделство или се одлучиле да се бават со земјоделска дејност каде што егзистенцијата на нивното домаќинство е на одреден начин веќе ставена во прашање, заради тоа што немаат други дополнителни приходи.

Исто така, кај земјоделските домаќинства кои што во овие сегашни наши промени веќе се одлучиле да се бават со одредена земјоделска или сточарска дејност, а на почетокот се судруваат веќе со одредени проблеми кои што се предизвикани, пред се од една елементарна непогода, таквите домаќинства на одреден начин преку одредено селективно нивно пратење, да бидат поддржани, како не би се откажале уште во почетокот од својата намера да живеат од земјоделска дејност, односно и понатаму да се бават со земјоделство како исклучиво свое занимање.

Посебно би ја поддржал и мерката за ослободување на земјоделците од данокот од земјоделска дејност со тоа што треба да се каже дека сега сите се оштетени, бидејќи и понатаму стојам на моето мислење дека немаме ние согледувања конкретни направени кои се тие земјоделски домаќинства што се регистрирани како чисто земјоделски домаќинства, затоа што и понатаму мислам дека од тие дваесет и две-три илјади регистрирани земјоделци најмалку 50% од тоа се изнемогнати лица, кои што на одреден начин понатаму се во заблуда дека само се во прашање остварувањата на одредени права од областа на социјална или здравствена или пензиска заштита. Во никој случај тоа не се домаќинства кои на одреден начин се определиле да живеат од земјоделство односно и понатаму да егзситираат од земјоделство.

По однос на конверзијата на кредитите не е јасно во Информацијата, само се упатува на тоа дека ќе се поддржи или ќе се донесе една таква мерка сметам дека треба да бидеме појасни во тоа кај одредени земјоделски домаќинства, посебно чисто земјоделци што имаат користено земјоделски кредити од примарна емисија на одреден начин да се изврши конверзија и во овој момент да се одложи нивното враќање.

Јас на крајот сосема накратко ќе укажам на тоа оваа информација, која што треба да ни послужи како пример сушата ние да не ја пречекуваме како елементарна непогода, туку сушата е присутна на ова подрачје повеќе години наназад, со децении доколку се остварат одредени согледувања ќе се види дека сушата е присутна и оттука треба да се прават одредени мерки да се преземат на подолг рок. Инаку, ова што сега се предложени мерки тоа се само на краток рок за елиминирање на штетите само од 1993 година, сметам дека би требало да се оствари онаа обврска на Министерството за земјоделство да се осмисли аграрца политика за Република Македонија, која што ќе ги опфати во основа земјоделските површини, перманентното уситнување на земјоделските површини, воведување на одредени веќе искуства по однос на комасација на земјата и окрупнување на земјоделските домаќинства, кадровскиот потенцијал во езмјоделството, добрите примери на земјоделци кои веќе се одлучиле да живеат од земјоделие и искористувањето на системите за наводнување, а посебно двата система, кои што и во првата информација стојат како најнеискористени, а тоа се системите Тиквеш и системот Стрежево. Сметам дека инфраструктурата на тие два система не е завршена и треба да се направат напори да се даде посебен приоритет да се заврши.

На крајот , ќе завршам тоа е еден заклучок од страна на Собранието на општина Кавадарци кое што не е бројано во општините што треба да се вброи во општините со штети од сушата од причина што системот за наводнување Тиквеш, стои во Информацијата, има најмногу вода, но не е докрај образложено, поради тоа што штетите што беа настанати од мразот токму се однесуваат на лозовите насади што се наводнуваат односно во нискиот реон, а ефектите од наводнување не ќе беа никакви доколку се оствареа, бидејќи нема што да се наводнува, штетите беа некаде од 70 до 80% на тие лозови насади.

Оттука и конкретен заклучок од општината Кавадарци за оценка за елементарна непогода односно за општината да биде вградена во тој механизам треба да се земат и извештаите што се направени од страна на општината по однос на штетите од мразот и овие што сега се направени, а веќе се согледани и се некаде околу 6 милиони германски марки од сушата да бидат основа за оценка за вградување на општината во рамките на општините кои што ќе бидат опфатени во делот на утврдувањето на елементарната непогода и опфатени со мерките што треба да бидат преземени на овој план.

Со тое и ќе завршам, сметам дека Информацијата само тогаш ќе ја постигне својата цел доколку вгради механизми кои ќе бидат дополнителни од она што досега е преземано во вакви случаи. Оттука мислам дека и понатаму треба да се трудиме во Собранието информациите да ги насочуваме во функција на тоа што е и функција на самото Собрание.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Госпоѓа Славјанка Стојанова.

II/6.-

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:**

Почитувани пратеници, кога се работи за информацијата за штетите од сушите од земјоделството во 1993 година на почетокот само ќе кажам дека Овчеполието од каде што доаѓам и јас како пратеник е едно од најсушните подрачја кое што се одрази и оваа година и таму навистина последиците од сушата се катастрофални. Пред се, како директни штети, а тоа е она што е очигледно и кое што барем до досегашниот период и во делот на сумирањето на резултатите од последиците од елементарни непогоди е видливо. Одредени подрачја како во Свети Николе, така и во Штип навистина останаа неожнеани, останаа на нивите, заради тоа што не се исплаќаше ниту влегувањето на комбајните за жнеење на пченицата.

Исто таков е резултатот со сончогледот, што еве сега треба да се прибира како реколта, но исто така спрема мене многу поголеми ќе бидат индиректните штети од оваа суша од 1993 година, кои што ќе се одразат, пред се, по недостатокот на производи во преработувачките капацитети од кои што се изградени за задоволување на потребите во земјоделството. Но, сигурно тоа се работи кои што се доволно познати што понатаму да се преземе на одреден начин да се санираат сите овие последици од елементарната непогода.

Пред се, сметам дека треба со целосното согледување и со поднесените елаборати од страна на одредени општини да се прогласи елементарна непогода сушата во оние општини каде што општествениот производ е доста нарушен и последиците од сушата се сигурно не само над 10% онака како што предвидува и Законот, туку дури 20,30,50 и 60% . Па, поради тоа мора да се направи одредена скала на тоа кој најмногу е загрозен "во делот на елементарната непогода - сушата. Сигурно дека еден од изворите за надоместок на овие штети е и фондот за елементарни непогоди, кои што се формира на ниво на Републиката.

II/7.-

Морам да кажам дека тоа се така да кажам незначителни средства, кои што сигурно овие последици што ќе ги трпи Република Македонија нема целосно можам да кажам дури ни дел од овој фонд да се покријат. Инаку, тука беше од неколку наврати од неколку пратеници искажано мислењето , а исто така и во дополнителната информација на Владата околу ослободување на земјоделците од данокот од земјоделска дејност. Ако добро се сеќавате ние како Собрание кога ги утврдувавме стапките на данокот од земјоделска дејност како собрание на предлог - комисијата за финансирање и буџет ги ослободивме сите прави земјоделци од данокот од земјоделска дејност. Но, сигурно тука се, не земјоделците кои што сигурно трпат одредени последици од сушата и за кои што сигурно треба да се размислува како, што и на кој начин да бидат ослободени од плаќање на данокот од земјоделска дејност.

Мислам дека е сосема во ред поддршката на заклучоците кои што ги нуди Комисијата за земјоделство во делот на неотворање на стечајни постапки кај оние претпријатија кои штсо имаат претрпено доста последици од елементарните непогоди.

Го поддржувам исто така, предлог - заклучокот кој што го нуди оваа комисија, а кој што пред се се однесува на исплатата на средствата од буџетот, а тоа би значело при исплатата на средствата од Буџетот на корисниците кои се предвидени спрема одредени раздели и позиции, приоритет да имаат оние средства кои што се однесуваат за поттикнување на развојот на земјоделството, премиите, регресите и сл. Сигурно дека најголема тешкотија на сите оние кои што земјоделските претпријатија, индивидуалните земјоделци ќе биде како понатаму да се продолжи и што и како да се обави есенската сеидба. Есенската сеидба која што веќе е на прагот сигурно треба да биде поткрепена, поттикната со одредени кредити селективни кои што би требало преку макроекономската политика за 1993 година да се остварат. Конверзијата,

исто така, беше спомната и мислам дека ова Собрание треба да даде поддршка и за за еден таков предлог кој што на некој начин ќе придонесе за санирање на последиците од елементарните непогоди. Сигурно се она што денеска ќе биде расправано и што ќе биде донесено нема до крај да ги елиминира сите оние штети кои што се претрпени во земјоделството за 1993 година. Но, сметам дека ова Собрание, а сигурно пред се преку операционализација од страна на Владата треба да се предложат одредени заклучоци и мерки конкретно кои што ќе значат ублажување на последиците од елементарните непогоди - сушата.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Господин Златанов.

**ВАНЧО ЗЛАТАНОВ:**

По Информацијата за штетите од сушата во земјоделството во 1993 година би кажал каква е состојбата во општина Струмица. Примарното земјоделско производство во општина Струмица е организирано околу 30 илјади хектари од кои 85% отпаѓаат на индивидуалниот сектор.

Од пролетните поседи е застапено раноградинарското производство, градинарското производство, индустриските култури фуражни култури, а нормално се застапени житните култури, лозовите и овошните насади.

Индивидуалните производители и општествените организации кои се заниамваат со земјоделско производство барајќи излезни решенија за заштита од претстојната суша ги намалија раноградинарските и градинарските култури за сметка на други култури кои не бараат обемни наводнувања. Утврдено е дека врнежите во Струмица и тоа октомври

1992-1993 година односно јуни 1993 година 265 мililитри по квадратен метар. Проточните води кои се користат за наводнување покажаа големи отстапувања и над 75% како реката Струмица така и Беласичните води, кои во јуни месец и начисто пресушија. Откога престанаа проточните води, а јасно е дека во Струмица температурите во јули и август се многу високи и има големо испарување земјоделците почнаа таму каде што има услови да наводнуваат со подземните води односно со пумпи, односно може слободно да се каже со бензин.

Но, покрај сите напори штетите во индивидуалниот сектор спрема сегашната состојба изнесуваат 830 милиони 430 илјади денари. На 20 илјади и 10 5 хектари во индивидуалниот сектор се застапени културите житни, мислам пченица, јачмен, 'рж, овес кои претрпеа штета преку 40%, пченката преку 7 0%, шеќерната репка 80%, пиперка 80%, сончоглед 90%, тутун 70%, грав 50%, кикирика 80%, домати 75%, бостан, луцерка 70%, овоштарници и лозја 75%.

Очекуваната вредност на производството би била милијарда и 274 милиона и 67 илјади денари. Во општествениот сектор кој обработува 4 илјади и 658 хектари, а се застапени сите култури како житни, градинарски и индустриски фуражни, лозја и овоштарните очекуваната вредност на производството требаше да изнесува 157 милиони и 247 илјади денари.

**ВАНЧО ЗЛАТАНОВ:** (продолжение)

Просечното оштетување е 61%, а износот на штетите е 97.585000 динари или заеднички индивидуалниот и општествениот сектор од 24762 хек. имаат претрпено директно и индиректно штета од 1051605000 денари. Како што реков и порано откако престанаа поточните води, каде што имаше услови земјоделците да наводнуваат од подземните води со моторни пумпи, така да за 370 хек. бостан е потрошено 74000 литри бензин за 650 хек. пиперка потрошено е 260 литри бензин, за 780 хектари пченка, 156000 литри и за 700 хектари тутун 70000 литри бензин, или вкупно за / заштита од сушата има дополнително потрошено 8.776000 илјади литри бензин.

Јас целосно ги поддржувам заклучоците на Комисијата за земјоделство и шумарство, а би предложил во мерките наместо ослободување на земјоделците од данок за вршење на земјоделска дејност да се намали катастарскиот приход на земјоделците за вршење на земјоделска дејност, заради тоа што тие се оптоварени на основа на катастарскиот приход со придонес за здравство, осигурување, придонес за пензиско и инвалидско осигурување и други придонеси.

Особено го поддржувам, заклучокот за изнаоѓање начин општествените организации во општините кои ќе бидат прогласени како елементарна непогода од суша да се најде начин организациите кои претрпеле штета да не одат во стечај.

**СТОЈМИР ЦВЕТКОВСКИ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, поддржувајќи ги предлозите на Комисијата за земјоделие на Собранието сакам да го кажам следното.

Крива Паланка иако како ридско планинско подрачје не претставува некоја житница, меѓутоа тоа е крај каде што индивидуалното

земјоделие е доминантно во однос на бројот на жителите и имајќи ја во предвид суштата која селективно се одрази во нашата република, можам да кажам дека е прва катастрофа во однос на сите после воени години. Само за пример ќе ви кажам дека од добиените подоатоци на Хидрометеоролошкот завод на Македонија од октомври претходната година до 1 септември некаде околу 50 литри помалку на $м^2$ паднало вода. Со ова сакам да кажам и мое пријавување е од следните причини.

Крива Паланка како ридско планинско подрачје кое обилува со без број рекички е повеќе од погодно за развој на хидроакудаулацион езерца, а со тоа и за развој на мали хидроценрали. Мислам дека еден од најважните заклучоци на Комисијата за земјоделие на Собранието е заклучокот во наредните години, во подолгорочната програма да се даде приоритет на малите акумулации, езера заради тоа што по кој случај кога во Крива Паланка досега би имало неколку такви езера најверојатно катастрофалните последици од оваа суша, би биле сигурно помалку до колку што се сега.

Друго, предлогот да се намалат на земјоделските домаќинства и оние кои се регистрирани како земјоделски домаќинства, знаете дека голем број на работни организации, околу 80% и голем број на фамилии што се занимаваат со земјоделие треба исцело да се ослободат од сите давачки и треба да се поддржи и тој предлог. Освен тоа, неопходно се наметнува потребата да се отпочне со изнаоѓање средства за давање поповолни кредити како на стопанствата, кои се занимаваат со земјоделие во подрачјата како што К. Паланка, исто така и на индивидуалните земјоделци. Тоа се однесува исто така и во однос на претрпените штети во сточарството, поради недостиг на храна итн., а што најверојатно  неопфатно ќе го потврдат комисиите кои се се формираат.

III/3.-

**ЏЕЛИЛ ТАИРИ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници пред нас се сите извештаи на комисиите надлежни за оваа проблематика, како и двете Информации на Владата , како и последната со Предлог на мерки. Не знам колку. би можеле да придонесеме, затоа што сите комисии во тан чина расправаа за овој проблем, а исто така и во информациите на Владата се изнесени состојбите околу сушата што ја зафати Републиката. Јас само ќе додадам неколку збора во врска со сушата каде што мора да констатираме дека сушата беше присутна во целата Република. Факт е дека во источниот дел на Републиката имаше повеќе сушта, меѓутоа и во Полошката котлина и тоа како годинава ја осетивме сушата. Не од климатските услови, меѓутоа тука со години и покрај тоа што има доволно вода за наводнување не се реши во целост проблемот на водостопанскстие објекти. Во Гостивар изграден е хидромелиоративен систем, вложени се доста средства меѓутоа до ден денес тој систем не работи како треба и сите земјоделски производители го осекаат тоа. Што треба сега за вклучување на тој систем што треба да се направи?. Сметам дека со мали средства може, некаде околу 2,5 хектари може да не бидат зависни до временските услови. Исто така, кога е во прашање сушата неминовно ние сакаме или не треба што побрзо да расправаме вкупните состојби во земјоделието. Минатата година имавме опсежна расправа, меѓутоа од година во година тие проблеми се натрупуваат. Тука би потенцирал дека сеуште не најдовме патишта а пласман на земјоделските производи надвор од Републиката. Ние сигурно по безболно ќе ја осетевме оваа суша ако зимавме какви - такви цени односно пазар надвор од Републиката. Ние сме сведоци на ниските цени на земјоделските производи, за кои што сметам дека како такви не можат ни простата репродукција во земјоделието, а камо ли и за

проширената. Во тој конгломерат на односи сега уште треба земјоделецот и другите давачки, придонесот за наводнување итн. да дава. Нема средства. Не може и тоа. Во тој однос велиме дека треба водостопанксите организации да егзистираа. И тие зависат од земјоделците. Земјоделците не можат да ги надокнадат тие услови и затоа кога расправавме за предлогот на буџетот предложив барем константниот дел на придонесот за наводнување да биде во рамките на буџетот за кој мислам дека нема да надмине 1% од тоа.

Овие проблеми што ги нафрлам мислам дека се проблеми кои се врзани директно и индиректно, меѓутоа што се однесува до самата информација за сушата сметам дека предлогот на мерките на Владата се добри односно прават напори, и сигурно би сакале да биде доста подобри и веднаш да се ефектуираат, меѓутоа зависи и до состојбите на вкупното стопанство и другите односи. меѓутоа, сигурно дека не ќе можеме мимо некои односи да ги надминеме овие состојби.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Изгледа требаше да ни се случи елементарната непогода- сушата за да повторно се актуализираат одредени состојби во земјоделството пред се, водостопанството со сите посредни и непосредни последици. Нарушување на нормалниот процес на репродукцијата во земјоделството во наредниот циклус на есенската и пролетната сеидба, прелевање на капиталот во супстанца од земјоделството во другите гранки и од селото во градот со зголемено и со ограничувањата и блокадите на пазарот со откупот и пласманот на земјоделските

производи.  Последици за намалување на сточниот фонд, миграциите село - град заради нарушениот стандард и немање вода за пиење со социјализација на селото. Тоа што само по себе го наметнува фактот дека по прашањето на водостопанството не му се придавало и не му се придава заслуженото внимание независно од климатските услови во Републиката. Жално е што при вода покрај нас, која непрекинато тече чекаме да заврне дожд. Застојот во работата на Парламентот и недостигот на податоци од општините при изготвувањето на соодветната методологија за последиците од елементарната непогода - сушата не е оправдување од Владата благовремено и редовно да не го информира Собранието за состојбите во оваа област, редовно да не ги запознава пратениците и да не чека 6 септември за да се добие повторно непотполно дополнување на првобитната информација.

Имајќи предвид дека елаборатот за последиците од штетата во општина Гевгелија беше изготвен би сакал пред Собранието да укажам на неколку податоци во прилог на Информацијата.

Пратејќи ги податоците за врнежите преку есента и зимата 1992 година и првите три месеци од 1993 година и нивното анализирање факт е дека последиците од беснежанта зима и минималните врнежи ќе бидат далекосежни. Во Гевгелија извршено е структурирање во сеидбата и рационализација на водата за наводнување, односно во едната сеидба, како и вторите култури да бидат сведени на расположливите количества вода. Со преземените мерки и активности се успеа штетите од суштата врз раноградинарсктие производи да бидат незначителни, меѓутоа и покрај сите настојувања штетите од сушата врз житните, индустриските, фуражните култури, овоштарството и лозарството пртшја карактер на елементарна непогода. За илустрација на севкупната хидролошка

состојба во општината од значење се податоците дека сите акумулации пред почетокот на сезоната имаат околу 50 до 70% помалку вода од вкупниот зафат. Вкупната сума од снежни врнежи е за околу 200 литри помалку на м$^3$ од 30-годишниот просек, природните водотеци на Конска река, Серменинска и Коланска река во долните текови едноставно пресушија, единствено во горниот тек со околу 70 литри во секунда за да ги задоволуваат потребите само на тие населени места,. Протокот на Реката Вардар драстично опадна со околу 15 литри во секунди сите црпни пумпи се најдоа на суво, па се правеа напори и дополнителни трошоци за преградување на реката Вардар и доведување на вода до пумпите. Долготрајната суша доведе до драстично паѓање на нивото на Дојранското Езеро со што се забрани секакво црпење на вода од истото. Во општина Гевгелија најголема штета има примарното земјоделство производство во вкупен износ од 2б6милиони денари, а според податоците кои што се добиени од Информацијата се констатира дека вкупната штета во Гевгелија изнесува 268милиони, општествениот производ во 1992 година е 12 милиони, поради што и се предлага од страна на Општинската комисија сушата во 1993 година во општина Гевгелија да биде прогласена за елементарна непогода.

На предложените заклучоци штос е дадени од Комисијата за земјоделство, водостопанство и шумарство ги имам поднесено следните амандмани.

Во точката 4 да се додаде нов став кој ќе гласи; "Собранието смета дека претпријатијата и индивидуалните земјоделци кои претрпеа штети од елементарната непогода - суша, а кои користеле кредити од деловните банки и Народната банка на Македонија да се ослободат од плаќање затезни камати на кредитите и врака&е на кредитите да им се одложи најмалку за 3 години.

III/7.-

Во точката 5 предлагам да се додадат два нови става 1 и 2 кои ќе гласат :

"Собранието укажува на потребата Владата да изготви програма за санација на водостопанскtие претпријатија и објекти во Републиката водостопанска основа на Република Македонија и студија за утврдување приоритетни мерки и објекти за уредување на режимот на водите и рационалното искористување на водите, вклучувајќи санација на постојните хидромелиоративни системи и изградба на нови хидромелиоративни системи, акумулациони брани посебно во пограничните региони и базени за акумулирање на проточнтие води.

Собранието смета дека во 1993 година треба да се ослободат од плаќање воден надомест водокорисниците сразмерно утврдената штета предизвикана од елементарната непогода - сушата, а поради необезбедување односно недостиг на вода за одредени површини према водостоапнсктие претпријатија. "

Во точка 6 предлагам да се изврши дополнување заради обезбедување обврска средства да бидат наменети од буџетот за несметано навремено успешно извршување не само на есенската, туку и на наредната пролетна сеидба.

Во точка 7 предлагам како нов став да се додаде следниот став: "Собранието смета дека Владата треба ургентно да ја преиспита каматната политика на деловните банки со цел обезбедување кредити во земјоделството под поволни услови и сосема ниски каматни стапки."

Кон точката 7 да се додадат две нови точки, 7- и 7-б кои гласат: "Собранието смета дека треба да се изврши сразмерно намалување на катастарскиот приход на индивидуалните земјоделски производители за 1994 година кои претрпеа штети од елементарната непогода- сушата."

III/8.-

"Собранието оценува дека Владата треба да ја преиспита политиката на заштитни и гарантирани цени на земјоделските производи заради спречување на одлевањето на капиталот во супстанца надвор од земјоделството особено имајќи ги во предвид ограничувањата и блокадите на откупот и пласманот на земјоделските производи".

Ја користам приликата од ова мое излагање повторно да го актуализирам прашањето кое што Собранието го презеде како обврска и кое е во контекстот на оваа Информација.

На својата седница од 27 и 28 јануари 1993 година, Собранието во рамките на Информацијата за вкупните состојби и проблеми во аграрот во 1992 година го усвои во точка 4 дополнување со нова алинеја, 10 алинеја која гласи: "при утврдувањето на Републичкиот буџет за 1993 година и од други извори да се предвидат средства наменети за финансирање на изградбата на хидроситемите Конско и Миравско поле од системот за наводнување Гевгелиско поле". Образложението беше дадено во текот на оваа седница, меѓутоа го актуализира прашањето во рамките на оваа Информација за да Владата даде информација и одговор на претходно поставените прашања за спроведувањето на овој заклучок на Собранието на Македонија.

**РИСТО СТАНКОВСКИ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, ценам дека еве, оваа Информација и требаше да биде на Собранието, со една забелешка дека можеби требаше да се почека уште малку за да се добие комплетна слика за штетите што настанаа од сушава. Имено, во некои региони сеуште има последици по одредени земјоделски култури, како што се на пример лозовите насади и некои други, така што штетите не се олесни, односно податоците не се комплетни. Веројатно, кога би било можеби после месец дена, ќе имавме многу поцелосна слика за состојбите.

Меѓутоа, без разлика каква што е, јас би сакал само да спомнам за некои мои генерални размислувања во врска со решавање на овој проблем.

Евидентно е дека години наред, метеоролошката состојба на територијата на нашава држава, а посебно хидролошката од година во година е се полоша. Свесни сме дека со години наназад ние имаме нон стоп намалени количества на врнежи што всушност е основна причина за сушата. И, незнам во овој контекст, ако вака продолжат временските услови, прашање е дали можеби не ќе треба и секоја година, почнувајќи од оваа па натаму да ги прогласуваме и натаму за години погодени од елементарни непогоди, односно суша. Веројатно, незнам од кои причини е дојдено до промена на климатските состојби и веројатно овие состојби дури можеби уште полошо ќе не следат и во иднина.

Затоа, незнам колку ќе биде во ред и во идните години, очекувајќи такви хидролошки состојби, да прогласуваме елементарни непогоди од сушата. Ако малку размислиме, моја проценка е дека би требало да не зборуваме за последиците, туку да се обидеме да ги

решаваме причините. Имено, што би сакал да спомнам? Таквата хидролошка состојба не ќе може да ни овозможи генерално да прогласуваме проблеми со сушата, оти, даречеме, ќе се сложите ние не би можеле односно никој не може да прогласи да речеме во една Сахара дека суштата е елементарна непогода. Тоа е природно дадено таму, така. Според тоа, одејќи натаму веројатно и нам ќе ни се случува тоа.

Во контекст на тоа, она со кое можеме да делуваме е веројатно да еве ја задолжиме Владата и ако има некои заклучоци, јас би ги надополнил да се активира проблемот со реализацијата со системот "Вардарска долина" односно "Вардарски слив". Мислам дека тоа е едно од решенијата за оваа држава, не во идните години да не се собираме пак и повторно да дискутираме ние или други пратеници што со сушата, од каде да помогнеме и како да ги решаваме проблемите. Едно од решенијата е веројатно ова. Нормално, знаеме дека се работи за огромен проект, меѓутоа, би требало да се интензивираат тука работите и веројатно би било згодно, доколку министерот на крајот на оваа дискусија, односно расправа даде некое свое видуваше, да каже и до каде евентуално е дојдено со реализацијата на тој проект. А, во контекст нас тоа сигурно би било згодно да се интензивираат можностите за инвестиции во така наречените мали акумулации. Секако дека не ни е се опфатено во мали акумулации. Можности има уште многу. Проблемот, колку што јас знам повеќе во средствата. Би требало и тука повеќе да се активира Владата и во претходните години, па веројатно и наредните да се издвојуваат некои средства. Меѓутоа, веројатно би требало да се издвојат многу повеќе, со што евентуално таквите последици од сушата би ги елиминирале повеќе.

Инаку, што се однесува до состојбите во општина Гевгелија јас не би сакал сега да ги изнесам, бидејќи претходниот дискутант ги кажа во

детали. Од прилика тоа е тоа и не би сакал да се повторуваме.

Со овие заклучоци што се предложени од Комисијата за земјоделство се согласувам со тоа што доколку има средства нека бидат преземени сите овие мерки што ги предлага Комисијата, со дополнувањето за интензивирање на реализацијата односно активностите за реализација на проектот "Вардарска долина" како и издвојување на поголеми средства за изградба мали акумулации. Мислам дека е реално да се обидеме во иднина да не ни се случуваат вакви состојби, односно бидејќи е извесно дека хидролошката состојба и понатаму нема да ни биде баш наклонета, да се обидеме на некои начин сами да ги решаваме овие проблеми.

Толку би била мојата дискусија, со надеж дека овие заклучоци ќе бидат прифатени и веројатно ќе значат некоја помош за оние што навистина претрпеле штета, со надеж дека ете и во иднина, веројатно не ќе мораме да расправаме за вакви состојби.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Збор има господин Котевски.

**ГОРГИ КОТЕВСКИ:**

Почитувани дами и господа, не се согласувам со одредени луѓе со тие што истакнаа дека сушата во РМ е елементарна непогода. Ако господата од Министерството ги следат циклусите во РМ, периодичните циклуси, ќе увидат дека на секоја 5-та година има една родна или врнежлива. Ние имаме крајно екстремни зими и крајно екстреми лета. И, тука нема што да се занесуваме дека сушата во РМ е елементарна непогода.

Елементарна непогода сме ние самите. Откако влеговме во овој Парламент, за време од 2,5-3 години сушата постојано не погодува, ние повторуваме, повторуваме за исти работи, предлагаме овде за промена на некои закони, Владата ни да мрдне ни да клоцне.

Исто така, и сушата, покрај неа годинава ни се случија и пожарите. Во Републикава никој ни со прст да мрдне. Министерството за земјоделие, покрај тоа стои и за шумарство, никаде ги нема, ниту на теренот, никаде ги нема ни во Парламентот. И, ако не беше со сила од некој пратеник оваа иницијатива за состојбите во земјоделието за жал денеска ние ќе немавме ниту ваква мизерна информација за состојбите во аграрот, а пак за шумите заборавивме дека изгореа цели комплекси. Со нив изгоре толку квалитетна граѓа, изгореа толку какви - такви пасишта во РМ, а ние се занимававме со маргинални работи, со посети на земјоделски комбинати, седенки, одржување на маратони, одржување на "Струшки вечери на поезијата", трошење на пари иако ние кутрите овде, во овој Парламент предлагавме уште порано со ребалансот на буџетот за 1992 година, па со донесувањето на буџетот за 1993 година. Јас имам полно право и немојте да ме сметате за критизер, предлагав, еве го амандманот од мојата пратеничка група. И, што требаше да издвоиме таму? За субвенции, за поттикнување на развојот на земјоделството, за вештачки ѓубрива, средства за заштита на растенијата итн. итн.

Но, од сето тоа ништо. Во буџетот остана така како што го предложија со надгласување, прегласување," остана исто. Но, за да биде катастрофата поголема, ние, иако потенциравме дека во РМ во областа на аграрот треба некои работи да се регулираат со закон, не само вака со декларативни изјави на говорница, за жал до денеска не се ниту

чепнати. Јас овде неколку пати имам потенцирано Законот за користеше на водите 3 години го носиме. Најголеми демонстрации имаме, расправии, кавги, тепачки по системите, секаде. Не сакам исклучително да зборувам за Битолскиот крај. И во Куманово и на други места. До ден денеска Законот за користење на водите стои на мртва точка. Нема закон.

Сега, кога веќе сушата достигна такви размери ние зборувам за водите, а вода капка нема. Во Вардар овде да се напијат гулабите од Собранието што стојат. Исто така, дискутираме за сушата, законот што е донесен уште некаде 1962 година, овде имам неколку пати потенцирано, за одводнување на земјиштето, за кое луѓето страшно протестираат, ништо не се работи во полето околу тоа одводнување. Не е исчистен ниту еден канал а сушата постојано со години не опустошува. Тој закон сеуште си стои таму каде си стои и селанецот е принуден и мора да плаќа кога ќе дојде чантарот низ селото мора да му плати за одводнување. Не прашува, нема милост. Нашиот закрепостен селанец и понатаму останува закрепостен иако овде се декларираме дека ќе градиме нов систем, пазарна економија, сме во некоја транзиција, ни потекоа устите од тој збор транзиција, селанецот уште подлабоко го закопавме.

Место овие трговски организации што работат на теренот на селото, како што се кооперацијата, уште подлабоко, ги продаваат вештачките ѓубрива, сечат камати колку што треба или не треба. Еден килограм меркантилна пченица за другиот дел, за семенски материјал е драстично поголем. Оваа година слушам некој резултат што ме радува, тоа е баш позитивен.

Исто така, кога беше жетвата токму во пограничните подрачја каде што се и ридни, конкретно да земам еве во Битолска околија, на тој дел

што се кон Грчката граница, иако за жал тие селани имаат најмал род кај пченицата, кај јачменот, иако имаше и одредена појава на одредена болест па и одредени штетници, замислете господа пратеници нашите кооперанти од Битола, на чело со министрите во земјоделието и замениците и тие ресорни министри кои седат таму и индивидуалните служби за унапредување, само за изложби се, за јунци таму да покажат или да направат некоја изложба, наместо цената за жнеење по погон да биде колку во низискиот дел во Пелагонија каде што жената тие ставија далеку поголема цена и ги оштетија луѓето. До каде отидовме во сите села, господинот министер ако не се чуди нека повели со нас, ние ќе го носиме по селата да види на лице место што е направено со тие луѓе.

Им се направи поголема цена за жнеење за разлика од површините на ЗК "Пелагонија" каде што по хектар не може комбајнот да запре таму од принос. Што значи ние и понатаму продолжуваме да го фаворизираме општествениот сектор, а понатаму го погребуваме индивидуалниот сектор, т.е. немаме никаков респект кон тие луѓе. Ние, треба да појдеме само и да видиме какви се во рацете, какви се и во лицата, да видиме како тие 'го вадат лебот во земјоделието. А не ние овде, кои седиме во Собранието или на асфалт овде во главните градови и чекаме само од закрепостениот селанец да финансираме во стопанството и да го финансираме текстилот во РМ и да гасниме пожари во текстилната индустрија.

Дајте, еднаш конкретно и реално да пренасочиме средства во овој буџет што ќе го носиме сите, веднаш да вложиме во земјоделието да видиме колку пати ќе ни врати. И ние никако, на сметка на земјоделието ја развиваме индустријата и правиме обратен процес. Го опустошуваме селото, го градиме градот и правиме дувло, змиско гнездо, правиме на неработници, на деликвенти, на дрогаши и т.е. место луѓето да ги

насочиме кон друга иницијатива. Во селото, во земјоделието се крие најголемиот потенцијал, излез од кризата во РМ.

Ние сме аграрна земја, бре луѓе. Ние, колку и да рипаме до небеси, господ е голем, не се фаќа за брада. Ние не можеме на една Италија, на Германија да и конкурираме ниту со фрижидер, ниту со машина, ниту со струг. Ние мораме единствено со тоа што го имаме како благодет, како компаративна предност во РМ. Тоа е земјоделието. Тоа е сточарството.

Но, што направивме? Им ги зедовме јагнињата во правиот момент џабе. Ги оштетивме селаните. Во правиот момент кога требаше да им пуштиме вода системите не функционираа заради неодржување на каналската мрежа. Недоволни средства за одржување на тие капацитети Од друга страна недонесени закони, неодреден принципот како да се плаќа тој воден надоместок, дали ќе се плаќа на површина или на користена вода.

Ова е море, окаен проблеми во земјоделието, а ние спиеме сите како во Македонија да цутат најубави цвеќиња. И јас незнам зошто вака се однесуваме. Се согласувам со Перо дека ние не може како Парламент и како пратеници да даваме некоја сугестија и мислење или некој предлог ако претходно немаме целосна информација со показатели. Затоа се тие дисперзирани служби по општините, индивидуални служби. Тие во секој момент треба се да регистрираат. Се треба да имаат на дланка. Дури и во компјутер. Еве, ако не сме компјутеризирани, треба да го имаат на лист хартија. ДА не седат таму џабе и да земаат плати и општествена исхрана. Да го имаме на дланка ние овде, како Собрание. Да знаме каква е состојбата на теренот. А, после, врз основа на тоа и врз основа на ваш предлог да можеме нешто да предлагаме. "

IV/8

Инаку, што вака, со оваа информација што ќе предложиме. Можеме само да се изнакажеме овде, да се изнакажеме за одредени состојби и да си одиме да си направиме маркетинг да не гласаат во наредниот период гласачите. За што ќе не гласаат? Сите не плукаат каде што одиме по селата. Не сакаат да гласаат.

Со ваква политика во аграрот не можеме да одиме напред. Крајот на Македонија ќе биде брзо, ако продолжиме и се однесуваме со паушални работи.

Она што го предложи Тодор Петров го прифаќам. Еве, да речеме од она што се предлага како заклучок, покрај оваа информација што треба да ја прифатиме, навистина при секоја дискусија и при секое парламентарно заседание се повторува кога донесуваме вакви заклучоци. Еве да ви кажам: второ, Собранието укажува; трето Собранието смета; четврто Собранието укажува; петто Собранието оценува; Собранието оценува; седмо Собранието смета, Собранието укажува. Што дека смета и што дека укажуваме ако ние конкретно со одредени бројки, со одредени пари и пренамена на средства дали тоа ќе бидат од буџетот, дали по некои нови законски незафаќања или незафаќања, ако не направиме не можеме ништо реално да помрднеме во аграрот. Ништо реално не можеме. Ние можеме да донесеме уште поубави заклучоци од овие ако сето не е врзано во таа системска аграрна политика ако не е поврзано со банкарскиот систем, примарната емисија, ако не е поврзано и со индустријата. Затоа што индустријата е таа која што треба на ова земјоделско стопанството да му помага. Не е обратен процесот. Секаде во напредните земји тоа е така. Земјоделието е лотарија под отворено небо. Ако се случи од господ да биде врнежлива годината можеби и ќе има род. Но ние не треба на таква солуција да одиме. Ние треба да имаме се плански и во земјоделието смислено.

Дури со сите овие системи во РМ. Како да ја усториме таа политика? Исто така со пореската политика. Исто така со она што го кажа, кој беше, ми се чини Тодор Петров, комасацијата на земјиштето. Ние ништо, во никој домен, во никоја област не мрднуваме до сега апсолутно.

Исто така, беше потенцирано од повеќе овде говорници дека некои даноци треба да се исфрлат како обврска кај земјоделците. Оваа година тоа конкретно треба да го размислуваме и почитувани господа од Министерството за земјоделие, годинава е катастрофална последицата со исплаќањето на пензиите на индивидуалните производители на земјоделците. Тие по 2-3 месеци немаат земено пензија. Одозгора оваа суша. А, од трета страна се наоѓаат сите луѓе кои одат по селата и бараат пари и за ТВ надоместок, бараат за струја. Во некои села и немаат струја и тоа што им беше по фрижидерите замрзнато од било кој период им се усмрде по фрижидерите, затоа што им ја исклучуваат и прекинуваат струјата.

Господа, треба да водиме поголема сметка затоа што нашиот народ се повеќе тоне и тоне, заедно со нас. Ние не можеме да изигруваме "лажни Фарисеи" ако навистина конкретно и реално низ сите овие системски закони што се од областа на земјоделието и од другата област и од она што се вика буџет на РМ и трезвено овде домаќински да седнеме да се договориме за некои работи, ни нема спас. И оваа есен луѓето се решени, ќе одат. само на една култура. Половина од нивјето ќе ги сеат само пченица или јачмен, половина ќе ги угорат. И нема друг спас.

Вие бевте во посета на ЗК "Пелагонија". Сончогледот ќе биде катастрофален. Тоа што се наводнува има некаков спас кај шеќерната репка и каде покрива системот и каде што мрежата е .

V/1/CJ/лј

**ГОРГИ КОТЕВСКИ:** (Продолжение)

И таму каде што не може да се наводнува или се парцели од сончоглед катастрофални ќе бидат последиците иако тоа државата во глобални рамки не го согледа, не го вклучи во системска обработка и да се знае како ќе настапува, јас не гледам многу излез во земјоделието и не сум никаков оптимист, не заради тоа што сакам да критикувам или некого да обвинувам но навистина ако сме достојни на обврската која треба да ја имаме во овој парламент и на овие луѓе од Владата конечно треба да си ја земат работата во свои раце и да почнат да работат така како што треба. Ако не господо за секоја / работа кој не знае да ја работи чесно е и човечно е да рече незнам, не можам, толку ми се способностите и ќе најдеме некој поспособен нека ја земе обврската во свои раце. Така е најдобро.," ако не можете господо од министерството за земјоделие иако тие служби конечно односно не расчистивте со тие служби посебно за развој на индивидуалното земјоделие и сточарство кои толку им влегова во очите на луѓето и на селаните, конечно мислам дека треба да си ја завршите својата функција и да му кажете на народот дека, и нас овде како пратеници, дека не можете да си ја обавувате функцијата, па мислам дека оваа Република има стручни луѓе и вака од срце што можат на оваа област практично да и погледаат фрагматично, од прва рака.

Благодарам, јас имав само толку.

**ВАНЧО МЛАДНЕОВ:**

Почитувани пратеници, навистина денеска веќе со сигурност може да зборуваме дека 1993 година во поглед на условите во земјоделството е условно кажано катастрофално од причина што во самиот почеток на годината уште во јануар месец, се сеќавате, кога имавме минимални теператури незабележани за ова подрачје особено за реонот од каде јас доаѓам, од Струмица, скоро цела недела имавме минимални - 27°C, кои

како што реков и во почетокот имаа огромно негативно влијание на сите земјоделски растенија почнувајќи од лозјето, на есенските посеви кои требаше да ја преземат оваа зима и продолжувањето на повеќегодишната суша која овозможи да акумулациите кои ги имаме на располагање до крај да се испразнат и да не бидат во состојба во 1993 година воопшто да имаат услови да ја вршат функцијата за наводнување, туку исклучиво го одржуваат биолошкиот минимум на самите акумулации и на оние акумулации кои истовремено служат за снабдување на одредени населби како што е да речеме Струмица, со вода за пиење за граѓаните, исклучиво беше таа намената, додека земјоделието беше оставено навистина во канџите на природата.

Па, периодот е зад нас, мислам дека нема причина повеќе да повторувам, според моја оценка, мислам дека навистина се исполнети сите услови Владата да ја прогласи оваа година во поглед на земјоделието и во поглед на одредени подрачја, меѓу кои во Струмичко за елементарна непогода за да можат во тој основ земјоделските производители и организациите кои што се занимаваат и им е исклучива дејност земјоделието ќе добијат одредени поволности во рамките на нашите позитивни прописи и во рамките на можностите на нашата држава, а не знам, де сум компетентен, дали по тој основ нашата држава како држава може да се појави во пошироката меѓународна заедница која мислам дека во овој момент е многу позначајно за добивање одредена помош од оправдани причини односно од причини што навистина 1993 година како последица на повеќе низа години сушни во нашата држава, навистина можат да го носат карактерот на катастрофална година и од таа причина да можеме да добиеме одредени поволности од земјите кои навистина имаат можности имаат разбирање кон овие наши тешки состојби во кои се наоѓа пред се земјоделието, а сврзано со тоа и другите индустриски гранки кои непосредно се прво поврзани со земјоделието, а тоа се пред се, преработувачките капацитети чија основа

суровина е производството од земјоделието и понатаму другите дејности односно гранки кои исто така непосредно се поврзани со земјоделието бидејќи земјоделието е едно од најголемите корисници на одредени репроматеријали, суровини, заштитни средства и сето она што на некој начин претставува помошни средства кои се употребуваат во производството.

Јас овде пред мене имам два листа кои се исполнети со цифри кои навистина многу зборуваат и незнам дали да ви ги презентирам, меѓутоа бидејќи одредени дискутанти, претходните дискутанти одредени податоци беа искажани од колегата Златанов кој доаѓа од исто подрачје како и јас, па не би сакал да се повторувам, меѓутоа сакам уште еднаш да потврдам дека навистина резултатите во земјоделието особено во струмичкиот регион оваа година се изразито катастрофални така да луѓето на одредени парцели воопшто немаа услови да влезат да preберат одредено производство, а во одредени парцели не може да да го преберат семето кое беше оставено за репродукција.

Оттука, мислам дека Владата ја има согледано таа состојба бидејќи подрачното министерство во Струмица изготви една опширна информација за состојбите во земјоделието во 1993 година и мислам дека навреме ја има доставено до Министерството за земјоделие, таа веројатно е разгледана и сигурно дека ќе биде земена во предвид; меѓутоа јас би сакал да предложам дополнување на мерките кои би требало навистина да се преземат за да може колку толку земјоделието односно индивидуалните земјоделски производители и земјоделските задруги и комбинатите да можат на некој начин условно кажано да се проживее за да можат да бидат спремни односно да подготват снаги и енергија да можат да ја подготват есенската сеидба и понатаму да продолжат со технологијата на производство односно да имаат снаги и да не речам морал за понатамошно производство.

Така да би предложил неколку конкретни мерки кои мислам навистина заслужуваат внимание и треба да бидат земени во предвид, пред се за да можат да бидат подоцна операционализирани и да можат Да се преземаат конкретни мерки во поглед на донесуваше на одлуки или закони за санирање за состојбата која не затекна.

Како прво, би сакал во поглед на организациите, земјоделските задруги па и комбинатите да се изземат од примената на членовите 15, 16 , 17 и 18 од Законот за финансиско работење за 1993 година, исто така и за 1994 година, бидејќи нема создадено услови за да може финансиската состојба на тие задруги да може да се поднесе односно да се совладаат обврските кои ги имаат предвидено со овој закон за финансиско работење.

Второ, да се изврши репрограмирање на краткорочните наменски кредити кои беа вложени во земјоделието во трајни и обртни средства со што нивното одлагање да биде со еден поголем грејс период и со една пониска, да не речам, пореална камата што е вообичаената банкарска камата. Приходите што се реализираат по основ на регрес и камати, потоа регресите семиња, вештачки ѓубрива, заштитните средства премии е за жито и сите оние субвенции што се предвидени со одлуки, со закони и на Владата и на Собранието да се направи напори колку што е можно тие да бидат навреме исплатувани бидејќи документацијата која што се поднесува од страна на стопанските субјекти сосема на време е поднесена, меѓутоа исплатата на тие средства доцни, со месец два, и три, а знаете во една беспарица во едни услови кога секој денар е потребен за да може да се одвива нормалното работење на било кој стопански субјект е потребен, така да секое поголемо задоцнување уште повеќе ги усложнува состојбите на тие стопански субјекти. И би требало да се донесе еден став или заклучок тие средства да морат да бидат

исплатени ако не повеќе барем во рок од 15 дена по уредно доставената документација од страна на стопанските субјекти.

Исто така мислам дека тоа треба веројатно подоцна со донесувањето на ребалансот на буџетот или со донесувањето на завршната сметка на народна банка и на буџетот имаме размислување да вишокот на приходите на расходите во Буџетот на Република Македонија како и на вишокот и приходите на средствата на Народна банка да се доделуваат овие средства да се споделуваат во вид на помош односно неповратна помош на стопанските субјекти, подвлекувам, во вид на неповратна помош бидејќи навистина состојбата е таква да било каква друга помош која ќе биде дадена во вид на повратни средства или во вид на кредит сигурно дека тие субјекти, мора да ни биде веќе јасно дека не се во состојба да можат да ги враќаат.

Да се овозможи користење на неповратни средства како и на повратни средства од средствата на Републиката наменети за отстранување на последиците од елементарни непогоди тоа е веќе и со постоечките закони кои ги имаме, кога Републиката или Владата или одредена институција ќе прогласи елементарна непогода, мислам дека во моето претходно излагање дека ситуацијата во земјоделието особено во регионот Струмица ги исполнува сите услови да биде прогласено за елементарна непогода и така да тие средства што ги има не некој начин планирано треба да бидат наменети за санирање на таа состојба.

Исто така во вид на една препорака или замолница до банките и органите за платен промет надоместоците за услугите што ги вршат за исплата ги сведат во една колку што е можно пореална рамка односно пониски што е можно да бидат тие услуги така да тие на некој начин изразат солидарност со земјоделските задруги односно со комбинатите во совладувањето на оваа елементарна непогода. Мислам да се

направи една селективност за разлика од другите организации и стопански субјекти кои вршат платен промет преку банките и преку СОК да се цитираат организациите во земјоделството тие услуги да ги наплатуваат во помал износ во рамките во висина во кои можат тие институции да дадат свој допринос.

Исто така, една препорака или замолница до акционерското друштво за осигурување на имотот и земјоделските производи исто и тие на некој начин да се сообразат со состојбите во земјоделието и премиите за осигурување ја следат според економската моќ на комбинатите и земјоделските задруги и производството зафатено од елементарните непогоди мразот и сушата да бидат целосно ослободени од плаќање за 1993 година и во 1994 година да имаат едно поголемо олеснување да бидат наплатувани со однапред одреден поголем попуст

Еве овие се некои позначајни мерки, предлог на мерки кои исто така јас ги подржувам односно давам целосна поддршка и барам да бидат земени во предвид, и покрај тоа што беа напомнати и оние поголеми олеснувања кои се однесуваат поконкретно на индивидуални земјоделски производители бидејќи ова што досега јас го предлагав и спомнав се однесуваше исклучиво на стопанските субјекти, да не речам на земјоделските задруги и комбинатите. Исто така на сличен и на соодветен начин треба да се преземаат и одредени мерки за индивидуалните земјоделски производители. Еве со тоа јас би завршил. Благодарам.

**ЈОРДАН ЗАФИРОВ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, се чини дека со своите дискусии прилично ќе се повторуваме, но ќе настојувам на својата дискусија да го изнесам она што досега не беше кажано, и она што специфично за општината од која што доаѓам.

V/7.-

Сосема е сигурно дека оваа година ќе биде една од најтешките во аграрот во повоениот развој на Република Македонија. Производната 1993 година ќе биде запаметена по ексцесните ниски температури во текот на зимата и високите температури без врнежи во текот на пролетта и летото. Ниските температури во текот на зимата на 7, 8 и 9 кога е забележана температура од 19,4°С нанесоа штети во лозарството над 50%. Ваквите ексцесни температури продолжија и во текот на пролетта односно во текот на летото кога се забележани нешто повисоки температури од други години односно седумдневната температура во јули е 23,3°С со максимална температура од 38,5° во тој месец, што таква температура е забележана во 1982 година и 1963 година. Меѓутоа,со таа разлика што претходните години на пример во 1982 година во декември 1982 година имаме врнежи од 139,4 мл. при што во таа година практично преку системот за наводнување се амортизира сушата.

Ваквите температури продолжуваат во јули и август пропратени со тропски горештини при што во текот на август е забележана температура од 40°С и тоа при крајот на месецот што практично оваа температура е ексцесна и не е типична за овој дел од месецот. Поради ваквите состојби како климатски исто така и хидрометереолошки акумулацијата Калиманци практично ја почна сезоната негде со 33 милиони кубици вода од можни 120 милиона кубика при што и сосема е јасно беа одредените рестрикции што се наметнуваа во општината Кочани особено на оние култури на кои бараа или всушност беа поголеми потрошувачи на вода.

Не е непознато дека Македонија е аграрно подрачје со најизразита трансплантација на медитеранската и континенталната клима со сите свои негативни последици. Сосема е јасно дека оваа година практично е резултат односно сушта е резултат на 10 годишната суша и практично во

V/8.-

оваа година се репертуираа сите непогоди како во сите климатски показатели. Поради неповолните климатски услови скоро кај сите земјоделски култури се начинети огромни штети, а јас би кажал имајќи ги во предвид дека елаборатот во општина Кочани е изготвен, би ги кажал штетите кои се начинети во општина кочани а се во тој елаборат и тие практично изгледаат вака:

- Кај житните култури имаме оштетување од 63,4%, кај индустриските култури 75,7% кај градинарските култури, 59,8%, кај фуражните култури 67,7%, кај ливадите 84,4%, кај грозјето 63,1%. Една од најоштетените култури е оризот со 76,6%, имајќи во предвид дека оризот е знатно поголем потрошувач на вода од другите култури.

Во оваа прилика би сакал да спомнам и да одбележам дека штетите се посебно големи на оние површини кои што се наводнуваат од левиот магистрален канал од системот Брегалница во селските населби Оризари,Мородвист, Видовиште, Теренци, Кучиново и Борилчиво и што практично тие немаат и што да жнеат.

Сосема е јасно дека овие штети во наредниот период ќе се мултиплицираат преку немање доволно земјоделски производи за доработувчките капацитети, а овие штети особено ќе се почувствуваат во делот на сточарството, имајќи во предвид дека храната ќе биде оваа година изустено дефицитарна и без преземање на соодветни мерки во рамките на сточарството тоа ќе биде доведено во многу тешка ситуација, а знаеме односно ги знаме бројките на сточниот фонд во Републиката секое неблаговремено преземање на мерки, несоодветни мерки во сточарството ќе има долгогодишни последици.

Имајќи ги во предвид огромните штети како последица на сушта една од првите мерки на Владата би требала да биде прогласување на елементарна непогода суша и преземање на сите можни системски олеснувања предвидени со Законот за елементарни непогоди а сигурно во рамките на можностите на Републиката за обесштетување на земјоделските производи.

**ЈОРДАН ЗАФИРОВ:** (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Сосема е јасно дека овие штети во рамките на Републиката тешко ќе бидат надоместени, имајќи предвид тоа дека се тие доста високи, или вкупните штети на ниво на општина се некаде околу 444 милиона или околу 28 милиони дм. Тоа изнесува некаде околу 66% од очекуваното вкупно земјоделско производство. Оттаму потребно е благовремено обесштетување на земјоделците со неповратни средства, давање на поволни кредити за извршување на есенската односно пролетната сеидба.

Во оваа прилика сакам да истакнам и еден посебен случај што практично немаме таква појава досега, појавата на социјални случаеви во селските населби. Тоа е видно и тој проблем ќе биде уште поизразит во наредниот период. Оттаму практично би требало да се превземаат и соодветни мерки за надминување на овие состојби, особено кај земјоделците на кои основно занимање им е земјоделието.

Сепак во оваа прилика би сакал да кажам дека и во ова тешко време некој прилично добро живееа, а овде би ги спомнал монополските организации. Морам да направам една компарација и да кажам дека распореден просечниот личен доход во земјоделството веќе е 3 до 3,5 пати поголем од оној кој се остварува во земјоделството спореден во монополските организации, а сосема сигурно е дека тоа е исто и со земјоделските производители имајќи предвид ниските цени на земјоделските производи кои оваа година ги продаваат со минимални цени. Практично со сушата и не ќе можат да имаат и минимум средства за својата егзистенција.

Во оваа прилика би сакал да се задржам и на водпстопанските објекти. имајќи предвид, а и оваа година беше сосема јасна нивната функција и нивното значење. Оттаму сакам да укажам дека со овие

објекти дека ние мораме да го менуваме нашиот однос кон овие како корисниците и оние кој се вработени во овие објекти. Вториот момент за да не се создаде една еуфорија во оваа ситуација сега да почнеме да градиме брани, како поголеми така и помали акумулации, мислам дека основен приоритет би требало да биде реконструкција и модернизација на постоечките објекти и набавка на современа опрема за рационално користење на водата која практично толку ја нема во Републиката.

Во оваа прилика би сакал да се задржам на она што според мене е најприоритетно. А тоа е: како да се посее во однос на проесенската и пролетната сеидба и како да се преживее, што се две основни прашања што се поставуваат, имајќи ги предвид средствата со кој располага Републиката и можностите за обесштетување на земјоделските производители, имајќи ги предвид пред се штетите кои се нанесени од сушата. затоа ги поддржувам сите заклучоци, имајќи предвид дека Комисијата за земјоделие заседаваше на два пати, донесени од Комисијата за земјоделие и од Владата, посебно оние заклучоци кои беа кажани и од господинот Младенов, а сигурно дека би имал да додадам некои нови во смисла за водење на голема грижа при увозот на земјоделските производи и формирање на повисоки откупни цени на земјоделските производи, како би се амортизирале штетите од сушата. Да не ги повторувам сега другите заклучоци кои сосема јасно се кажани и од претходните дискутанти, а тие се дадени во записниците и Информацијата од Владата. Оттаму сметам, да повторам пак, приоритетно прашање за мене е извршување на есенската односно пролетната сеидба, имајќи предвид дека со завршувањето на самата жетва започнува и есенската сеидба, би требало што побрзо да се интервенира. Практично ние ако не посееме незнам што би очекувале идната година. Во таа смисла би требало да се дадат што поповолни

средства од страна на банките, а и побрзо обесштетување на земјоделските производители за да можат тие благовремено тие да се снабдат со потребните материјали за извршување на есенската сеидба. Тука би требало сигурно да се обрне посебен акцент на сточарството, со посебни мерки, имајќи предвид дека штетите направени во сточарството ќе бидат од долгорочен карактер и сигурно дека Владата во рамките на своите можности тоа ќе го направи. Јас имам толку, да не повторувам. Сметам, ако сите овие мерки кои се дадени од Комисијата од Владата од пратениците, се исполнат, мислам дека добар дел од штетите ќе бидат амортизирани и се она што се предвидува за есенската односно пролетната сеидба ќе биде реализирано и ќе се обезбеди минимум егзистенција за земјоделските производители.

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ:**

Почитувано претседателство, дами и господа пратеници. Досегашните дискутанти доста работи изнесоа. Јас не би одел многу да повторувам околу тоа што е тоа елементарна и што е тоа суша затоа што ако ние тргнеме од тој аспект секогаш почнуваме со онаа поговорка - откога ќе ги скрши стомните сетне го караме детето, а не пред тоа како што треба да го искараш па да оди да не ги скрши стомните. Ми се чини дека ова е причината. Зошто ние сега дискутираме за елементарна непогода од суша. Дали една година нас не задесила суша. Ако неповеќе барем секоја трета година е катастрофална по земјоделието и на нас не ни текнало досега да правиме сега ќе како оној овчарот цел ден стригав 50-60 овци отстригав во денот сега на ламба да отстригам пет - шеесет. Еве затоа нашето земјоделие е во таква катастрофа и ќе продолжува да биде уште во полоша состојба дури ние носиме заклучоци, мерки, предлози, никогаш не сме рекле во земјоделието ќе завршиме тоа и тоа,

ќе дадеме тоа и тоа конкретен. Постојано ние одиме, пак една поговорка ќе речам - како што немавме брашно , а да имавме и масло ќе месевме зелник. Тоа е таа истата работа, продолжува и ќе се повторува се додека не им текне на некои паметни луѓе да го остават тоа и да тргнат во еден правец, ако може денес едно , едно да се стори и да се знае тргнавме од него па до друга година ќе одиме со ред понатаму.

Покрај сушата, н есакам да повторувам што е суша, ќе повторам за Битолско дека е појавена и една болест, слична на ова што велите Вие од сушата што е направено, се појави сега јас незнам како тоа ќе го речам, како јас знам, една осна, класна или житна оса која го упропастува класот на растенијата во онаа фаза кога е тој веќе во фаза на зреење. Така да неколку села во Битолско се зафатени од таа болест, поготово Гермијан, Живојно и Бач, беше катастрофално поништен посевот од таа болест. На ова прашање можеби е одговорено и вака дека тоа е болест и се спречува со заштитни средства и н еможе да се смета како елементарна непогода од сушата, меѓутоа, јас велам дека тоа не може во таа фаза земјоделецот да го спречи со прскање . И на време како да ги забележат не може да се спречи затоа што немаат такви средства земјоделците да летаат со авиони одозгора да ги прскаат посевите. Сметам дека и тоа да се земе како елементарна непогода како упропастување на сушата. Јас сметам дека баш тоа е дело на сушата затоа што кога имаме појава на суша се појавуваат штеточини и болести. Затоа не може тоа да се издвојува од сушата.

Би рекол уште неколку збора за тоа што некој општини се земаат прогласени за елементарна непогода , а некои не. Комисиите, што јас се сомневам во тоа, како што велиме ако сакаш да не се заврши работата

формирај комисија и ќе се заврши никогаш. Затоа да се направи проценка и во овие општини конкретно би рекол во Битолска општина се смета дека со Стрежево не е зафатена со сушата. Меѓутоа, Стрежево има опфатено најмал дел од Пелагонија. Поголемиот дел од Пелагонија не е опфатено со Стрежево, така да само по течението на, ако ја земеме реката Црна,од тесната страна е опфатено со Стрежево, а левата страна не е опфатена со Стрежево. Не зборувам само за индивидуалните производители што тука се оштетени меѓутоа и добар дел на ЗИК Пелагонија земјоделските стопанства како што се нивните пресметковни единици, Бач, Живојно, Кременица и 11 Октомври и другите делови се исто така опфатени со оваа суша заради тоа што таму непостојат услови иако водата во Стрежево лежи и може да го наводнува цело Битолско поле , да не зборувам за цела Пелагонија туку зборувам за Битолското поле. Кога го велам ова ќе се повратам на она што досега го реков дека не е само една година појавено тоа па сега ние да се свртиме околу тоа , туку имаме неколку наредни сушни години, секоја трета и досега ако беше направен пропуст направено во системот, не е пресметано колку пресметуваат, дали можеше, зошто во овие години не се состана еднаш Владата со Водостопанство, со Стрежево, да се изнајдеше начин за префрлање на таа вода и од левата страна на реката Црна за да се ублажеше и да не дојдевме до вакви катастрофални последици, а сигурен сум дека барем целото Битолско поле можеше да биде опфатено со системот на Стрежево и сега барем тој дел ќе беше спасен, што велам дел по дел, а да не дојдеше до оваа катастрофа. За Стрежево, не беа толку потреони инвестиции. На неколку премини да се направеше од реката Црна од каналите од водоводните цевки ќе беше опфатено, ќе можеше, лево десно со истата опрема што ја имаа ќе можеше да се врши наводнување. Покрај  ова Стрежево треба да биде опремено не само со ова туку и со опрема за наводнување и ако имаме,

ние велиме, ќе кажам пак една народна поговорка - ако имаме со што немаме во што. Така да вода имавме, а опрема немавме и затоа дојде до ваква катастрофална последица. Затоа реков да се смета и општините да се процени и оној дел каде Битола е исклучена од Системот за наводнување, не исклучено туку не е опфатено, исто да биде проценето како и во другите општини каде немаат наводнување. Тоа може да се врши со процена, а процената комисиите треба на лице место да излезат. Се зема една нормално родна година, не онаа каде што се високи придонесите, туку да се земе една нормална средна година, колку е просекот по хектар од сите овие култури, било пченица, јачмен, пченка, шеќерна репа, ориз тутун и сите други култури и сега колку од еден хектар при ваква сушна година ќе се добие и тогаш не добива вистинската загуба од сушата. Не само вака има толку има онолку или пак да се даваат некои информации метеоролошки, имало врнежи. Што му е гајле сега на селанецот дали имало или не врнело. Тој сега бери гајле дали околу ова ќе му се санира нешто, ќе му се помогне. Тој самиот знае дека не заврнало. Ако заврнало ќе имаше и плодови и не маше да има и вакви последици. Затоа сметаме дека не треба да се прават такви извештаи туку треба конкретно, директно што можеме да сториме сега, а што треба во наредната година да направиме да не не снајде пак ваква година.

За сточарството стана збор. И сточарството јас сметам не само набавка на храна туку ние изгубивме во сточарството. Да ги земеме овците или кравите каде што немање, изгорање на сите тие треви и пасишта е намалено и млекото, а со тоа се намалени и млечните производи, а со тоа е намален и квантитетот и квалитетот на местото. Значи не е само тоа изгубено, туку е изгубено и тоа што на ваква суша

ние не сме добиле квалитетно месо и млеко како што го добиваме тоа при нормални падавини кога има сочни треби за напасување на ситниот и крупниот добиток.

Овде стана збор за санација со намалување на данокот. Што се залажуваме со тоа. Ние ништо со намалување на данокот не правиме. Данокот во земјоделието е толку помал, големи се давачките за социјално и другите, за физичка култура за образование, тие се даноците. Ако од тие се ослободат тогаш велиме дека селанецот е ослободен од давачките.

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ**: (продолжение)

Ако го ослободиме тоа и така во ридско - планинските се ослободени до тие давачки, ние нема што да бараме се повеќе ослободување е тоа. Тоа е веќе и така ослободено. Мене ми се чини и навистина да се размисли г-да пратеници за следното, не се работи ни во ниските цени на земјоделските производи. Не се работи ни санација ни на оваа сега направена штета со тоа, г-до. Парите на селанецот му одат знаеме ние, не знаме или се правиме дека не слушаме и дека не гледаме во цените на пченицата на семенските материјали, во каматите нивни во цената на репроматеријалите на делови за трактори и тука одат сите пари. Не е толку страшно во цената на пченица за и на цената на земјоделските производи. Еве ќе ви направам, една сметка, видете една врека ѓубре сега земено во пролетта да го фрлиш до крајот сега да го дадеш тоа станало 3 вреќи ѓубре. Петпари, ни сто динари нема да платиме, туку илјада или колку беше пченицата 5 пати повеќе да ја платиме нема да ја постигне оваа цена што може да се постигне со ова. На пример, мене не ми достигна уште 5 килограми сончоглед за семе во оваа година. Не дека не можев да го платам, туку не беше проблем во тоа, заборавив да го платам тоа 5 килограми. За неполни 2 месеци на 750, платив 250 камата. Еве каде одат парите. Овде се се сите вложувања. Ние донесовме закон и минатата година јас се радзвав токму од оваа говорница кога рековме дека изедначено е и повеќе нема да викаме приватен и општествен сектор. Се излагавме во тоа, ги излагавме и луѓето и јас сам себеси се излажав. Зошто сега пак овде овие со писмо за репродукција се земаат деловите и каматите се ослободени на 4-5 години и после од тоа каматитениви да не ги вратат, а да му се акумулираат како фондови во стопанската 3 организација. Која е оваа друга држава овде што не смее

да го ужива - а другите смеат да го уживаат тоа. Значи, ние самите го делиме народот на две држави. И секогаш да знаете во секоја држава каде народот е поделен на две држави, од неа нема држава ни народ. Ние мораме еднаш да донесеме таков закон каде велиме народот во Македонија ќе ги ужива сите права и во земјоделство и во стопанство и во трговија и секаде, како и сите еднакво, а не вака поделени. И тука е што вели оној, партиски определен. Не е тоа партиски определено, туку од ваквите грешки се прават тие партиски недоразбирања. Ако има во ова, знајте дека ќе нема партиско определување, ќе нема политики, ќе нема толку партии расечкани и да дојдеме до ваква катастрофа каква што е сега. Кога ќе стане штрајк, а политички. А, бе како тоа политички кога ги бара своите права. Дали тој ти рече ако не е оваа власт, на онаа ние ќе штрајкуваме. Кој ти рече така. Никој не рекол бара леб, парче, спасува семејство. Ние на тоа му велиме, а, ти си политички неопределен, ние сме подобни и ќе те избркаме од работа. Еве ги грешките што ги правиме и со тоа што се браниме, а тоа таму политички беа настроени, затоа така се збореше. И ако беше фатен, подруго ќе беше, ќе беше на крст обесен и ќе велеја ееej.. еве кој ја направи таа работа. Да не влечкам многу во овие што се велат заклучоци и јас предлагам следното да се дополни. Заради настанатата ситуација од сушата, заради настанатите тешкотии во земјоделството да се применат следните не предлози, да се применат велам. Ако не се применат значи пак бркаме политика. Семињата за оваа, затоа што претстои на прагот сеидбата, ако не посееме в година ќе немаме не да врне, туку кој знае што да биде, ќе немаме ништо. Затоа, предлагам семињата за оваа сеидба на селаните, а не го исклучувам ни индивидуалниот ни другиот сектор за сите земјоделци го велам тоа, не велам заради во стопанството или, во приватниот сектор, туку за сите семишата да му бидат ако тие го користат досега, треба да го користат и овие. Да бидат дадени на почек, а каматите да бидат исто индивидуални, ослободени

како и општествениот сектор. Дали има начин тоа да се примени ако се примени. Еве и друго би предложил. Ако во случај, да речеме е сиромашка нашава држава, не може тоа да го стори да одложи 4 или 5 години. Па, да ги одложиме тие камати до реколта да собереме. Дали е грев да се стори нешто. Да му се даде сега семето, ѓубривото без камата, да се почека 5-6 месеци да го врати истото, кило за кило, колку ќе земе семе толку да врати против вредност на семето да нема камати до собирање на реколтата. Исто така и каматите ѓубривата да чекаат до собирање на реколтата. Барем тоа да му го сториме, ако не другото. Јас сметам дека ова ако го сториме ете пак сме тргнале чекор напред кон тоа ублажување на таа елементарна непогодба. Каматите да бидат исто такви како и досега. Да се применува Законот што го донесовме при купување на делови на трактори, при купување на нафта да се применува веднаш од денеска, како и сите стопански организации што го применуваат без данок, како што земаме за овие делови, за плугови, делови за трактори и др., со писмо за репродукција. Зошто такво писмо, нека се знае тоа е за него и готово. Земјоделец е и да му даде нешто. Или пак нека има една од истуреното подрачно министерство да се даде дека овој земјоделец има па треба тоа да го набави и така да се обавуваат и тие работи понатаму.

Не можам да се помирам јас дека дали работи Владата. Два месеци гори Македонија, а ние држиме седенки во Охрид, ладно е таму Кога ќе се надокнадат овие штети во нашите шуми што се направени и толку изгорени. Зарем не можеше никаква информација до сега да се каже и да се преземат некои мерки. Овде запалено, овде малку, зар не можеше да се интервенира тоа прво што почна малку да гори да ве се чека да се прекине, да се претвори во огромна стихија и пожар.

Сега, да речеме не се гаси, не се гаси, така е. Ако зафати голема маса, не се гаси. Ама тогаш кога се појавило со малку можевме ние да интервенираме и можевме многу голем дел да спасиме. Замислете овие шуми што се упропастени, најмалку 30 години не можат да дојдат во иста таква состојба каква што се сега. Значи, правиме сосема сами штета. Како да ни досадила ова Македонија, како да ја нејќеме и ајде што побргу да ни изгори.

Во најитно време треба Владата да се состане незнам со кој е тоа потребно, под итно наредната година да се стори се што треба со системот"Стрежево" да не чекаме пак вака да зборуваме барем каде што има систем да го спроведеме ова. Значи, под итно "Стрежево"да се активира од левата страна на реката Црна во битолското поле. Под итно да се постави расправа за .користење и изградба на нови капацитети и користење на постојните капацитети и да се доведат во онаква положба постојните за да можат нормално да се користат. Не преку зимата да ги спуштаме оние падаваини што ги пуштаме, туку навреме да се преземе мерка да се наполнат тие акумулации. Ние не сме толку сиромашниво зимските, есенските и пролетните падавини. Има доволно води, ама ние немаме во главата не ги акумулираме и тогаш нас не ни треба, сега ни треба кога ќе притребаме кога ќе дојдеме, тогаш бараме седело како што кокошката бара седало и каде ќе најде и таму ќе го снесе јајцето.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Господин Анастасовски,

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Дами и господа, се води една интересна дебата во Парламентот за елементарни непогоди кои ни се десија односно сушата која се деси годинава во нашата држава. Тоа веќе го знаеме дека сушата си го зеде

акот. Тоа ми личи вака на мене. Ми личи дека веќе човекот е покоен, а сега роднините и пријавените му даваат гајрет на семејството. Зошто го викам ова? Затоа што не сме виновни ние тука што сме во ова Собрание за положбата во која се наоѓа нашето земјоделство и шумарство. Тоа е работа односно тоа се тегни неколку години уназад. Такви дебати се држеа и во другите парламенти каде што сме ние сега во оваа сала. Меѓутоа, ништо од тоа не се правеше. Од златна земја направивме пустелија. Кога ќе го снема земјоделството, автоматски се снемува и сточарството. Автоматски се снемува и шумарството. Како тоа? Претходниот дискутант од ВМРО-ДПМНЕ Трајан Мицески спомна за пожари. Тоа е така. Пожарите и тие си го зедоа акот. Патував во ова време за Битола, Струга итн. Во местата каде што се случуваа пожарите тие се некако во поголеми висини и тоа не од едно место, туку од повеќе места да го обележеа и пожарите, најповеќе во Прилеп тоа го приметив, во прилепско, се ширеа се понадолу. Дрвата, ги снемуваше. Ја снемуваше и тревата. Здравје да имаме во тие предели во велешко и прилепско што уште еден пат дрво ќе никне. Не. Да се надоврзам со еден претходен дискутант, незнам кој беше да ми извини кога рече дека и климата не ни помага. Да, господа, незнам кој беше нека ме извини дека рече и климата се сменува. Ако продолжиме, односно ако се продолжи да се палат шумите и се секнуваат водите, автоматски ние ќе станеме во овие предели во нашата држава сахара. Јас тоа ви го зборувам од ова место. Тука има и компетентни, министерот е д-р на науките по шумарство и земјоделство. Ми се чини ќе се сложи со мојата теза дека ако сето тоа го снема автоматски снемуваат и водите. Снемувајќи ги и водите, земјата останува пуста. Дали имаше моќ сега нашата држава да ги сопре пожарите. Не. Ми се чини дека во тие места каде се правеа тие пожари, можеше во ниските места, подолу можеше. А таму иа височините горе не можеше. Затоа што нашата дражва нема

таква моќ а немаме ни такви средства. Прво, незнам ние дали имаме авиони, хеликоптери за гаснење на пожари во повисоките предели. А во пониските, па таму немаме луѓе. Понапред беа селата, сточарите, и си ги гаснеа тие пожари. Сега нема луѓе и тие пожари нормално не можат да се изгасат. И се повеќе во непроодни места. А грев ќе биде сега пожари кои се десија во населени места и каде можеше да станеше интервенција од Министерството за земјоделство, од Министерството за внатрешни работи, од Министерството за народна одбрана и не се презеде таков акт, тогаш тука е голема грешка. Меѓутоа, тоа е така.

Еден ден, два дена, сто дена да зборуваме не можеме да го вратиме она што требаше да го добие земјоделието од ова земја. Немаме вода, рекоа многу дискутанти како ќе дојдеме до вода ако се направат акумулации, и сега натаму да се види што можеме ние да направиме. Но,треба да се бара еден лек, треба да се даде утеха сега на земјоделецот како ќе ја дадеме таа утеха. Но автоматски ќе ја дадеме таа утеха. Но автоматски треба да се поврземе каква е силата на нашата држава, дали има такви буџети дали има такви можности. И второ, дали државата односно Владата дотичните министерства ќе може да земат некои кредити од странство или некои помошти да се добијат па да се надокнади штетата или бесплатно или со кредити сосем мали ставки на камати за да се ублажи да се утеши земјоделецот, за да може до година да посее да работи итн. Што е господ, никој не е.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ :** (продолжение)

Реков, и 5 дена да се дискутира тоа ќе биде узалудно. Еднаш за секогаш треба да се свестиме дека ние треба да работиме. Не да копаме, да работиме. Господ рекол ви дадов памет очи раце и нозе. Ние сме најусовршениот нешто кое го направи господ. Ако ние ги стегнеме силите, ги акумулираме водите не само што ќе имаме акумулации и води но и господ ќе ни дава вода затоа што автоматски ја менуваме иднината. Ми се чини дека се согласуваат компетентните со тоа мое излагање. Хидро системот ни е на 0 и да имавме ние некои мали акумулации на некои рекички, но тие рекички се исушија, зошто? Затоа што акумулациите немаат природни рекички, туку чекаа од природата од снегот да се стопи снегот па да течат рекичките и да се наполна рекичките со вода. Тие треба да стојат. Но да видиме што треба да направиме со Вардар со Пчиња со Лепенец и други реки. Тука треба да се створаат акумулации. Оваа наша земја ако не се прават системи акумулации ништо, но ако се прават ќе биде наводната ќе биде Калифорнија. Ако не преземеме мерки уште од сега тогаш и другиот Парламент, и другите пратеници и 100 Влади ако продолжат вака само со дискусии ништо нема да направат. Апсолутно ништо.

Значи, предлагам по можностите на државата да се одложат кредитите кои ги имаат земено индивидуалните или општествените организации за еден период,. или да се простат на индивидуалните производители, земјоделци а да се овозможат кредити со мала стапка од даноци, до колку ја има моќта државата, а сепак има нешто и да се побараат кредити и помош од други држави. Само така ќе можеме да излеземе од оваа криза во која сме западнале. Со јако земјоделие се знае дека имаме и јако сточарство и се друго што ни треба нас. Не треба болниот да го лечиме кога тој веќе е на умирање. Ние треба да сме

свесни за она што го работиме, земјоделието не е политика. Треба да бидеме свесни дека тоа треба да го направи побрзо. Со сите сили тие што се учени и што припаѓаат во поодделни насоки на земјоделието, од агроном до инженер треба да работат.

Уште едно. При селектирањето, јас незнам колку штети во која општина се, затоа што гледам во пооделни места сите пријавуваат штети. Нормално дека има штети во цела Македонија, но треба да направиме една селекција во поодделните општини, не да го надуваме од 30 40 да го направиме 100 туку да бидеме одмерени во одредувањето на штетите, зошто тие да се достават до Министерството за земјоделие или до дотичното министерство од каде што треба да с е дели помошта. Да бидеме реални и објективни и на крај на краишта да се помогне на земјоделецот и на стопанот.

**ДУШАН ТРПЧЕВСКИ:**

Почитувано претседателство, дами и господа. Тетовскиот крај, Пологот познато е место по својата најголема густина на населението во државата а можеби и нешто пошироко, крај кој што е богат со земјоделски производи и можам да речам дека населението повеќе се занимава со земјоделие отколку со друг. Спрема наши стручњаци се цени,а исто така и спрема стручњаци од странство дека Полог може да дава, таква храна калорична, односно квалитетна која што ќе ги задоволи потребите и на овој крај на нашата држава а исто така може да се извезува и во странство. Имајќи ги во предвид, уште еден момент би додал, овој крај е познат со своите убавини, Шар Планина богата со шума како еден индикатор кој што покажува дека овој крај има и доволна количина на вода која што му е потребна како на земјоделието, така на населените па и на индустриските капацитети кои што се подигнати во овој крај. Меѓутоа можам да речеме дека тоа не е се така бидејќи

последните неколку години, 6-7 и во овој крај се осеќа недостигот на вода , особено падавините на дождови во текот на годината, а исто така и снежните падавини кои што во последниве години стануваат се помали а со тоа и количината на вода што е потребна за овој крај станува се помала.

Поради сето тоа, а оваа година како и во другите краеви во нашата држава и во Тетово, односно Полог можам да речам дека навистина се осеќа дека настапила елементарна непогода,сушата која што треба ние и како Парламент и како Влада да ја прогласиме со што луѓето на некој начин кои што се занимаваат со земјоделско производство да им се надоместат и штетите кои што настанале од оваа елементарна непогода односно суша .

Поедини подрачја на овој регион се познати и по земјоделско производство. Тоа се местата почнувајќи од Тетово кон границата на СРЈ, почнувајќи од Џепчиште, Порој, Непроштено, Лешок, Теарце, Вратница итн. Меѓутоа има поедини подрачја овде кои што навистина им недостасува вода бидејќи природните текови од реките и падавините што настануваат во текот на годината се недоволни за снабдување на овој крај со вода. Оттаму се осеќа недостиг на голема количина на вода особено во топлите месеци 'како што се јули, август и првата половина од септември. Особено со ова се загрижени односно и реагираат на свој оправдан начин селата Теарце, Одри и други кои што ја користат од реката Бистрица што поминува низ селото Теарце. Ова река пред триесетина години е одземена , односно најголем дел се користи како технолошка вода за индустрискиот капацитет Југохром, селаните точно во овој летен период се хендикепирани. Ова година можам да речам дека дури и некаде и повеќе од половината и градинарските култури (пипер, патлиџан, краставички) се преполовени. Понатаму зрнестите производи (грав, пченка), пред да настане пченката на пченицата исто така се преполовени. Исто така преполовен е и родот на овошјето.

Во оваа смисла беа направени во минатото, а и минатата година и оваа година неколку обиди со фабриката Југохром да се реши недостигот на водата за овој крај. Меѓутоа мислам дека сеуште и во Министерството, во Владата на премиерот Кљусев а и сега мислам дека сеуште не сме нашле некој заеднички јазик за недостигот на водата околу Теарце да се реши на тој начин, на земјоделците да им помогнеме околу наводнувањето. Пред малку Мицевски кажа дека многу елементи влегуваат во формирањето на цената. Незнам дали тој заборави, или не му текна, незнам од кои причини не кажа дека во цената во формирањето на земјоделските производи учествуваат и хемикалиите, хемиските заштитни средства кои што земјоделците во последно време во оптимална количина ги користат. Така да еден килограм на една одредена количина е баслосновна сума на земјоделието. Затоа потребно е да постојат заштитни цени на хемикалиите за да може цената да биде пристапачна за употреба на заштитните средства од вирусните заболувања, заштита од габичните заболувања, заштита од црви итн.

Еден од проблемите кои што и во минатото, а и во сегашноста засегаше голем број земјоделци е водниот надоместок. И во нашиот крај во Полог, особено во онаа изборна единица каде што сум јас голем дел а од луѓето не користат никаква вода во текот на годината а сепак плаќаат воден надоместок. Без разлика, иако Мицевски нагласи дека големиот дел од дажбините што ги даваат земјоделците во здравственото, пензиското осигурување, меѓутоа мислам дека и водниот надоместок преставува исто така една ставка која што буџетот на земјоделецот го оптеретува. Во оваа смисла мислам дека Владата а и ние преку Парламентот треба да влезе водниот надоместок за 1993 година треба да биде така пресметан да секое едно земјоделско семејство биде ослободено доколку во текот на годината не користело вода односно да плати онолку воден надоместок сразмерно на

користењето на водата за наводнување.

Што се однесува до една од точките што се предлагаат во заклучоците, а тоа е да се расправа, се разбира со претходна добра елаборација од страна на Владата за водоснабдувањето во Македонија, па во тесна врска со овој случај и со наводнувањето кое што им е потребно на земјоделците. Иако тетовскиот крај на прв поглед изобилува со вода граѓаните не само во минатите години, туку и оваа година особено драстично имаа вода за домашна употреба само во утринските часови. После седум 8 часот воопшто некои подрачја немаа вода. Тоа се однесува поради тоа што еден проект кој што треба да се искористи со користењето на шарските води и на тој начин уште стотина литри во секунда да му донесе на градот Тетово вода , тоа не е направено, а од друга страна и поради голем број на користење на водата за пиење и за наводнување особено кај оние семејства кои што диво се приклучени на градскиот водовод и на тој начин немилосрдно ја користат и онака скапата вода што е потребна за домаќинство.

Голем дел од заклучоците што се однесуваат за оваа дејност ги подржувам со тоа што и надоместокот за вода да биде наплатуван сразмерно од користењето на водата од страна на потрошувачите.

**НИКОЛА АПОСТОЛОВСКИ.**

Почитувано претседателство, дами и господа јас не би се здржал многу бидејќи на оваа тема доста се дискутираше, макар да има уште многу али ми се чини дека во целост се е опфатено и најповеќе би се задржал на информациите а нема да излезам надвор од тие информации како што имаше доста дискутанти излегоа надвор од темата и дискутираа многу повеќе макар да во одредени заклучоци имаме и такви точки.

VIII/6

Најпрво би спомнал за првата информација и ќе кажам првата информација е тотално промашување во однос на Извештајот за сушата со тоа што тука може да се каже имаме само еден метеоролошки извештај кој секојдневно го слушавме преку радиото и телевизијата па и дневниот печат, и некој хидролошки извештај за малите акумулации, тоа е малку поретко.

И на крајот една трета реченица имаше во која што се кажува дека во зависност од процентот на штетите ќе се види дали ова ќе се прогласи како елементарна непогода или не. Јас мислам дека тој извештај во првата информација беше тотално промашување додека за вториот може да се каже нешто по позитивно. Тука имаше доста податоци, но не беа целосни.

На крајот се констатира дека сушата сеуште трае и не може да дадеме во целост сеуште некој по конкретни податоци. Делумично би се сложил со тоа меѓутоа сметам дека реколтата 1992- 1993 година во земјоделиево и поголемиот дел од другите гранки е завршена со некој мал дел, тоа е овоштарството, тутунот и лозарството инаку другото е завршено и можеше во целост да се дадат точни податоци изразено во проценти. Меѓутоа тие податоци мора да се води рачун дека не се и од самата суша туку дел од ненавременото посејување на есенските посеви, потоа и од ниските температури имаше влијание а сега и од самата суша. Мора да напомениме дека секоја година имаме по некоја дискусија во врска со овие суши а забораваме на едно дека како да тие станаа пракса а тоа докажува дека ние немаме некоја своја стратегија во самото земјоделие, односно во аграрот со тоа што чекаме што ќе даде господ и рацете на земјоделецот а сето другото е пропуштено само на себе, со тоа што самата држава многу помалце обраќа внимание на самиот земјоделец.

VIII/7

Мерките. кои што се предложени во вториот извештај можам да кажам како мерки ги задоволуваат моментално потретите и тоа се мерки од краток здив и така и сто и в година ако дискутираме на оваа тема сигурно дека ќе имаме, ако не за сушата сигурно тогаш ќе зборуваме за некоја друга елементарна непогода затоа што имало многу дожд, снег и сл. тогаш поплави и слично и сметам дека треба Владата посебно министерството да се позанимава се една подолгорочна програма за развој на аграрот односно земјоделието со тоа што ќе предложи некои мерки и стварно тие мерки да почнат да се спроведуваат а не само да останат напишани на хартија.

Се спомнува тука нешто во врска со стопанските организации што не би сакал многу да зборувам за нив, но во заклучоците од 5-та точка е спомнато дека треба да имаме една посебна тема. Јас сакам да спомнам дека тие водостопански претпријатија кои што ги имаме во Републиката, околу 34 претставуваат случај за себе и во основа стварно велиме се водостопански организации, меѓутоа со нивната намена и дејност кога ќе се погледа ќе се види дека е сосема различна од она што се регистрирани. Повеќе се занимаваат со факултетски работи а најмалку со развојот на водостопанството. Мора да се напомене дека на самото водостопанство односно за развојот на системите и акумулациите многу малку е посветено внимание., Често во последните години се чукаме по гради и зборуваме за некои мали акумулации. Јас лично кажувам дека тие мали акумулации се доста дискутабилни. Колку се оправдани и економски и како воопшто ги преминуваме. Ги земаме под мотивација акумулации за наводнување, па утре бараме средства за рибарство, па дури и за рекреација и слично,,така да водите што се наменети за наводнување ги оставаме како мртви води се со цел да послужат акумулации за друго.

**НИКОЛА АПОСТОЛОСКИ: (**Продолжение)

Уште една реченица би кажал во врска со тие мали акумулации, за тоа што за она што се дава средства аз изградба, Министерството треба да биде малку поприсустно на теренот, да види што воопшто се гради со тие средства и дали тие се користат за правата намена или се поднесуваат некои фиктивни документи со цел да се оправдаат.

За тие водостопански организации можеме да кажуваме многу повеќе, доколку се усвојат заклучоците што се предложени во информацијата, а тоа е некаде заклучокот број 5.

Во мерките што се предложени и во заклучоците, предвидена е компензација, ослободување од данок на земјоделците, одлагање на кредитите или слично. Ова се мерки од краток здив. До година може да се повтори истото ако немаме програма за развој. Меѓутоа, сакам да напомнам дека овие мерки што се предложени, доколку се применат, а велиме ќе се применат ако започнат во најкраток можен рок, да не чекаме само тие да останат мртво слово на хартија, еве конкретно да кажам компензација кога би дошла за тутунот. Под претпоставка кај тутунот дека од сушата реколтата ќе се намали некаде за 22%, тоа е велам претпоставки, а вистинската вредност на таа бројка изразена во проценти или незнам како ќе се дознае некаде дури во март кога ќе се предаде тутунот. Сега, таа компензација ако се чека да се даде во наредна година, сметам дека тие средства ќе бидат толку мали и обезбреднети што на самиот земјоделец нема да му стаса да купи едно јаже да се обеси, бидејќи навистина ако се сака нешто да се помогне на земјоделецот, треба она што е претпоставено, таа компензација да се даде што побрзо. Но, доколку се јави некој поголем процент, тогаш тоа да се даде како разлика во тој период кога ќе се знаат дефинитивните

резултати. Инаку, само со претпоставки и со запишани заклучоци, доколку тие не се операционализираат, јас мислам дека сето ќе биде, јас мислам пукање во празно.

Уште еднаш апелирам вакви заклучоци, ова нека биде последно со краток здив да не правиме, туку едноставно да донесеме програма, да ја спроведуваме но со некои динамичен план и да се бараат причините доколку не може нешто да се спроведе, со тоа што ќе извршат некои измени. Инаку, само паушално кажување тука од говорницата и дека сите сакаме да помогнеме на земјоделците, тоа ќе биде ништо, само лук и вода ако не почнеме и практично да ги применуваме тие заклучоци.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор господинот Паунов.

**ТОДОСИЈА ПАУНОВ:**

Почитувано претседателство, дами и господа, во врска со Информацијата за штетите од непредвидената суша што ја задеси Македонија во 1993 година, како и поранешните години, оваа година дојде до доминантен одраз што се одрази во земјоделието и целокупното стопанство на Македонија.

Вака како Информација и дополнувањето да го прифатиме. Мерките што ги дава Владата, исто така да ги прифатиме. Мерките на Комисијата дополнети да ги прифатиме, но мислам има уште што треба поефикасно, брзо да се работи на поединечните проблеми во земјоделството. Не можеме да чекаме целокупното производство да се прибере, ожнее и утврди целокупната штета, туку да с оди на утврдување на штетата делумно по производи и решавање на утврдената штета. Мислам дека земјоделието оваа година, особено индивидуалното има огромни штети и не може да опстане и да преживее

поради ваквата штета и мора брзо и ефикасно да се интервенира во индивидуалното земјоделие.

Ако се погледне билансот на производството, посебно за Кочани 85% од производите ги дава индивидуалното, а само 15% општественото и задружното земјоделие. Во изминатиот период ако погледнеме средствата каде што се вложени во земјоделието ќе констатираме многу минимално да се дадени кредити за индивидуалното земјоделие во кое индивидуално земјоделство и покрај тоа што Владата, државата направи напори за регресни камати, земјоделецот не доби бидејќи немало такви средства.

Мислам дека треба исто така информацијата да содржи покрај другото колку кредити се дадени во земјоделието, од тоа во индивидуалното. Колку камата е наплатено од индивидуалното земјоделие, а колку од општественото и задружното земјоделие. Колку регреси се неплатени, односно платени на индивидуалното земјоделие а колку на задружното и општественото земјоделие. Премиите исто така. Премиите недостигнаа во времето кога се даваа, а сега поради немање средства, а исто така поради немање производство да се предаде премиите не се остварени. Мислам дека индивидуалното земјоделие е оставено на милост и немилост што воопшто не му даваме примат на некој начин како да се санира.

Сето ова што е направено до сега и што сушата придонесе мислам дека треба брзо и ефикасно да се реагира. Да се даде помош на индивидуалните земјоделци како би можеле да опстанат за тоа што е тотално уништено, како оризопроизводителите каде им се исклучив површините само за производство на ориз поради немање вода нема никакво производство, нема никакви средства за живот, а исто така нема да плати придонеси, даноци и други комунални давачки што

требаат. Значи треба на тоа да се стори иако знаме дека Републикава нема средства, меѓутоа нешто мора да се стори за давање помош.

Мора да се изнајде давање кредит на индивидуалните земјоделци и тоа што некои заговара, дава предлози со пониска камата, но мислам дека без камата би требало да се даде и подолг период од 2-3 години како би можела да с санира состојбата компензира штетата што ја претрпеа индивидуалните земјоделци, а исто така и да може нешто да се обезбеди за есенската и пролетната сеидба за 1993-94 година. При тоа, мислам дека организирано треба да се обезбедат средства за есенската сеидба, семиња, ѓубрива, нафта и други средства како би можело да се посее. Имајќи предвид дека земјоделците немаат средства за есенската сеидба, затоа мора на некој начин да се кредитира таквото земјоделие.

Понатаму, мислам дека исто така треба да се направи еден биланс на артикли за храна на граѓаните, колку ќе се произведат односно се произведуваат во оваа година, колку е недостигот на артикли за живеење односно храна и како и на кој начин ќе се обезбеди таа храна и исто така треба да се планира и бара решение за материјалните резерви. Во вакви состојби кога ќе се најдеме мора да имаме фонд на материјални резерви со што ќе се ускочи во време кога доаѓаме на недостиг на храна.

Треба да се преземат мерки, организирано за набавка сточна храна. Сточниот фонд и така минимален што го имавме, со сушата оваа година и тој ќе биде скоро уништен поради немање храна за стоката. Сега се гледа дека воопшто. нема ниту вода ниту храна. Меѓутоа треба храна да се обезбеди како би можел сточниот фонд зимава да остане во живот.

Овие проблеми се сигурно многу тешки, меѓутоа, морам повторно да кажам дека Македонија мора да има една долгорочна програма во земјоделието, во земјоделието да имаме долгорочни решенија. Не можеме со краткорочни решавања, од случај до случај кога најповеќе ќе биде изострен проблемот тогаш да решаваме. Треба систематско решаваше. Мислам дека, тоа е речено и во Програмата на Владата, меѓутоа некако слабо се остварува. Акумулации на сите проточни води што ги имаме треба да се направат, како што е Кочанска оризарска злетовска река и другите во Македонија, Вардар, да се направат акумулации, при тоа да може нешто да се спаси.

Меѓутоа, јас сепак не се откажувам од Програмата и планирање во земјоделието. Ако имавме план во земјоделието овие состојби и штети ќе беа нешто пониски. Меѓутоа, ние го немавме планот и денеска тој план треба да биде донесен не како по некоја стара терминологија, до 31 август. Сеуште го немаме планот во земјоделието.

Граѓаните не знаат да обезбедат семиња и насади што треба да посеат есента, а што пролета. При наводнување, акумулационите системи не може индивидуално селанецот, граѓанинот односно земјоделецот да сее што сака. Мора тоа да биде организирана сеидба. Значи, ние мора да имаме планови и програми за сеидбата и тие да се донесат на време и да се објават така што граѓаните да знаат што треба на тоа поле и во тој атар да посеат и кога да го посеат. Само така организирано мислам дека ќе можеме да преземеме мерки во наредниот период да се ублажи состојбата.

Кога сум тука, за земјоделието, поради сушата, поради горештините се придонесе да има огромни пожари и огромни штети се направија во Републиката. Тие штети треба да се преземат и начин на

санирање бидејќи се оштети фондот на шумите, на кои начин да се поврати тоа што е оштетено. При тоа треба исто така програми за ублажување на оваа состојба односно за враќање на шумскиот фонд.

Водостопанството е веќе на границите на ликвидирање. Мора да се изнајде решение водостопанските организации да останат во живот и на некој начин да се подготват за наредната година за наводнување, кое што водостопанство е во критична состојба. 1,4 од приходите се наплатени, од вкупните приходи. Да видиме како и на кој начин финансиски би с одржале овие организации. Една таква инсталација едно огромно богатство да напуштиме и го онеспособиме за наредната година ќе биде огромна штета. За другите не сум толку во детали запознаен, но системот "Брегалница" во Кочани е тотално во распаѓање поради немање финансиски средства, не може капацитетите да ги одржи во исправна состојба и нема да бидат оспособени за наредната година во колку не се обезбедат средства.

Во прилог на заклучоците да влезе и мојата дискусија со цел да се ублажат состојбите во земјоделието.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор господин Гошев.

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Почитувани пратеници, незнам колку има фајде расправата, меѓутоа неколку реченици би кажал во врска со оваа материја.

Во заклучоците на Владата, во информацијата се спомнуваат 3 мерки.

Првата е дека ќе се изврши компензација на средства за солидарност, од средствата за солидарност и од Републичкиот буџет.

За сега, износите, сумите не се познати бидејќи не е позната ни точната штета настаната од оваа елементарна непогода.

Втората мерка е дека ќе бидат ослободени земјоделците од данок за годинава кога е настаната штетава.

И третата е како можна штета која што се сугерира во процес на преиспитување, а тоа е сугестијата за евентуална нова конверзија на кредити од примарната емисија, таканаречените селективни кредити. И тука се сведува оваа можна интервенција од страна на државата која што ниту случајно не може да помогне во даденава ситуација, се разбира не заради тоа што предлагачот веројатно не дека повеќе, туку за тоа што ситуацијата вкупно е таква да тешко може да се најдат некои поиздашни извори за парична интервенција во областа на земјоделието.

Меѓутоа, неколку работи мислам дека се важни да се напомнат, иако постојано се повторуваат кога расправаме за земјоделието. Се разбира, секој од нас тоа го прави на различен начин.

Оваа ситуација едноставно се повторува и ќе се повторува само јас незнам колку долго. Мислам дека никој од нас не знае колку долго ќе се повторува.

Зошто? Прво, заради тоа што целото стопанство е во неверојатна криза и таа криза за жал уште се продлабочува. Во овој момент едноставно не можеме да процениме каде е дното на македонската стопанска криза поради низа околности објективни и субјективни слабости.

Второ, затоа што едноставно не може да има успешна државна интервенција во ниту една сфера на општеството, особено не во сферата на земјоделието, како вообичаена дејност кој кога се интервенираат

современите економии, без здрава вкупна економија. И, постојано ќе дискутираме на празно и ќе се залажуваме дека ќе му помогнеме на земјоделието, ако вкупната економија не се стабилизира, ако не отпочне стопански раст. Се друго ќе биде пресипување од шупливо во празно и некои обиди за бесконечни распределби од се помалиот општествен колач со кој располагаме.

Едноставно, ако Буџетот не може да се наполни со други стопански дејности нема пари за интервенција во земјоделието. Тоа треба јасно и гласно да се каже, да се констатира, заради тоа што и минатата година усвоиме повеќе прописи со кои треба да се помогне на земјоделието како компензации итн. но ни тие прописи не можат да се спроведат. Едноставно, тоа слово на законот, заради вкупната општа стопанска ситуација најчесто е во аут.

Во нашиов случај имаме една главна интервенција во областа на земјоделието од која што има најголеми ефекти, а тоа е емисијата на пари директно преку селективни кредити од НБМ. Таа мерка продолжува со намера до март идната година сосема да престане а потоа Господ Бог нека им е на помош, особено на општествените земјоделски претпријатија, на таканаречените ЗИК-ови затоа што алтернативата во ваков економски колапс ни случазно не може да се обезбеди.

Што се случува со таа мерка што е главна во областа ан земјоделието? Се случува инфлација. Не само поради тоа, туку и поради другите отсатни мерки за соборување на инфлацијата. И сега погледнете на кој начин се помага на земјоделието со мерката селективни кредити од НБМ односно со директното печатење пари. Се случува огромна инфлација. Погледнете ги цените на мало на земјоделските производи во споредба со цените на мало на индустриските производи во

последниве 2 години. Ќе видите дека во пред пред последната година цените на земјоделските производи на мало се зголемиле за 38 и нешто помалку отколку цените на индустриските производи на мало. Во следната година, се работи за индексни поени, цените на мало на земјоделските производи се зголемени за 107 индексни поени помалку отколку цените на мало на индустриските производи.

Во првите месеци на оваа година имаме побрз раст на цените на земјоделските производи на мало, меѓутоа во јунскиот, летниве месеци имаме повторно побавен раст на цените на мало на земјоделските производи и оној податок околу таканаречената дефлација која што беше искажана со -0,9% ќе видите дека се должи претежно на забавениот раст на цените на мало на земјоделските производи.

X/1/CJ/лј

**ПЕТАР ГОШЕВ**: (продолжение)

Што значи, бидејќи инфлацијата ја произведуваме директно со повеќе мерки , а прилично со примарната емисија директна преку селективните кредити од една страна земјоделието ќе добие, но од друга страна ќе изгуби и тоа дупло повеќе, заради тоа што положбата во примарната распределба во овие две три години која што се влошува кај земјоделието нема пари со кое може да се надомести ни преку регреси ни преку ослободување од даноци незнам какви други помошти на земјоделието, заради тоа што се огромни количини на пари неизмерени кои што се испумпуваат од секторот на земјоделието исто како и во минатото кога земјоделието беше еден вид интенданска дејност со тоа што се штитеше стандардот на населението и се градеше нашата социјалистичка индусрија.

Оваа ситуација ќе се повторува и заради тоа што не е решен проблемот со вода, 45 години тој не е решен, а тој проблем не може да се реши со краткорочни мерки ниту пак може да се реши со способноста на постојните комбинати кои -што за кратко време ќе колабираат комплетно и се разбира уште помала е индивидуалната способност на индивидуалните производители', а особено може наскоро да очекуваме тежок колапс на земјоделските комбинати со целиот број вработени.

За земјоделците се важни 3-4 фундаментални мерки ако може оваа држава да ги обезбеди.

Првата е здрава крупна економија, која што ние во овој момент не можеме да обезбедиме заради тоа што има многу објективни и има многу субјективни проблеми во оваа држава, а без здрава економија нема како што реков интервенција во областа на земјоделието нема пари од каде да се земе.

Втората мерка е приватизацијата што се одложува во земјоделието односно менувањето на сопственичките односи иако се работи за 20% од земјишниот фонд, меѓутоа примарната пак емисија која што главно оди од Народната банка ја користат претежно овие, а не индивидуалните земјоделски производители кои што се во мнозинство и кои што ги обезбедуваат претежните вишкови производи на овој македонски пазар.

Трето, како да не се влошува положбата на земјоделието во примерната распределба, тоа е прашање на кое што може Владата тековно да интервенира, се разбира со некои мерки во ценовната политика и со некои други мерки во обласга на порезите, царините и слично на тоа. На тоа може да се интервенира и во ваква тешка ситуација, а последиците од влошувањето на положбата на земјоделието во примарната распределба се навистина ненадоместливи со било која друга поединечна мерка која што ќе ја запишеме овде или нема да ја запишеме.

Четврто, решавањето на проблемот на водоснабдувањето со одговорност за некои системи кои проголтаа многу пари и даваа мали ефекти. Тоа прашање е со долгорочен карактер, но со интервенција во овој момент ниту државата може, ниту некоја индивидуа, ниту овие пред колапс оптштествени претпријатија. Со вкупната економска стабилизација може да почне да се решава проблемот на водоснабдувањето во Република Македонија, а приказните овде за хитни интервенции во овој или оној систем ќе останат само приказни и можат да бидат решени или ублажени само господ ако некоја година ни каде повеќе дождлива година од која што можат да се полнат овие акумулации што ги имаме.

Трето, она што го говориме како регреси, премии, компензација едноставно мора да се извршува или нека Владата ги врати законите овде во процедура да се укинат сите оние одредби со кои на

земјоделските претпријатија или субјекти им се дотураат регреси или премии, а не се исплаќаат. Сумите на задоцната исплата во овој момент исто така не се мали, но тие не се извршуваат затоа што буџетот е се попразен и ќе биде уште попразен.

Шесто, колку е опасно натаму да се налегнува на кредитите од Народната банка мора веднаш да им стане на сите јасно бидејќи со инфлацијата најмногу се оштетени селаните, најмногу се оштетени слоевите кои малку заработуваат бидејќи земјоделието има најмал обрт, капитал, најспор и само оние гранки кои што имаат брз обрт на капиталот можат во инфлацијата брзо да се снајдат, да се снајдат полесно и да ја спасат својата положба на штета на други делови како што е на пример земјоделието. За таа работа мора да се води сметка заради тоа што веќе самите емпириски податоци потврдуваат дека во инфлацијата прават сиромашните, но ние борба против инфлацијата знаме дека немаме како што треба.

Седмо, заштитната политика на земјоделието, ударите што настануваат од увоз или настанувале знаат многу да го оштетат земјоделието, ние имавме примери на неконтролирани увози, оние примери со ЛД контингенти дозволи оваа држава сеуште не ги решила, знаеме дека сеуште нема е закон за царинска тарифа, и ние знаеме дека многу земјоделски производи во одреден момент не мора да се најдат од страна на нашиот пазар, аграрен итн., тука може и сега да се интервенира веднаш, побрзо и мислам дека може околу таа работа да се размисли за некои од овие краткорочни мерки кои што се дадени во заклучоците.

Прво, компензацијата на штетата од средствата за солидарност и буџетот се разбира дека е потребна и логично наведена мерка, меѓутоа може да се види дека таму нема квантификации и дека е многу тешко дека ќе се обезбедат некоја позначајна сума на пари, но парите не можат да се измислат освен ако не се налегна на штампањето, а кон

X/4.-

штампаењето има се повеќе притисоци за жал.

Втората мерка ослободуваше од даноци исто така е логично и се разбира дека ја подржувам, но исто така ефектите од таа мерка се многу мали и далеку се во однос на ситуацијата која што е настаната.

Трето, кон верзијата на кредитите на примарната емисија како можна мерка срамежливо насочена како обид да се преиспитуваат можностите, реков како делува и како ќе делува бидејќи ќе ја поттикне повторно инфлацијата и просторно ќе платат истите тие селани и најшироките слоеви и конечно со неа ќе треба да се расчисти, ако можеме тоа да го направиме доведениот рок 31 март ќе биде голем успех ако не и понатаму инфолаторниот начин на живеење ќе биде модел на живеење во оваа наша држава.

Точката четири, сугерира, од заклучоците на Собранието, претпријатијата или комбинатите да не одат под стечај заради настанатата ситуација. Тоа е можеби добра желба да не одат, меѓутоа многу е незграпно напишана, тоа значи дека ние бараме суспензија, на примена на законот кој што го донел ова Собрание. Тоа значи дека треба Владата да предложи измена на тој закон, а дали е пак вред измена на закон да не се применува за едни стопански субјекти да важат едни економски критериуми, други за други, итн. тоа е дебела тема и мислам дека пред да дојде ако може да се интервенира во стечајното претпријатие, да се интервенира, но тоа е повторно државен интервенизам, интервенционизам од незнам каков карактер, но пред тоа ако нешто се направи тогаш има смисла, а да се бара да не се применува законот од Собрание што донесува закони тоа не е убаво, тоа не е добро. Значи, треба да се размисли дали тоа смее да стои во предложените заклучоци.

Следната мерка говори за поволни кредити за набавка на храна на сточниот фонд. Ние ги повторуваме тие формулации и упорно и упорно. Се прашувам го разбираме ли ние системот во кој што работиме или не

го разбираме. Поволни кредити кој може да даде. Можат да дадат банките. Банките не можат да бидат од државата директно натератени да даваат кредити заради тоа што банките се самостојни претпријатија, самостојни финансиски организации и тие работат на принципот на економска сметка итн., значи поволни кредити може пак државата во буџетот ако има средства од даноците и порезите итн., или може поголем кредит да биде ако државата заклучи договор со некоја банка па ќе рече вашата камата што ќе им ја дадете на земјоделието која што е иста како и на некоја друга индустриска гранка ќе биде регресирана со 5% со 10% или половината од неа итн., во тој случај може но треба да преземе обврска, државата да земе, буџетот како обврска. Инаку, напишано тоа не вреди пет пари бидејќи не е во согласност и со системот ниту пак се знае кој^ќе ја изврши таа мерка. Банките нема да ја прифатат таа задача, затоа што не се хуманитарна организација. Државата може да направи, може да води некоја економска политика, но мора да каже од тие и тие пари од Буџетот ние ќе регресираме камати по поволни или ќе дадеме кредити за сточарство или за ова итн. Значи тие заклучоци исто така мора да се прецизираат подобро.

Исто така важно е царинската политика да реагира во овој момент кај увозните инпути неопходни во земјоделското производство. Тука би можело и нешто да се интервенира, но затоа треба малку согледувања може и министерството за земјоделие ги има тие согледувања, но оттаму може краткорочно да се интервенира со ослободување од царини за неопходни земјоделски производи или за опрема или за производи што овде не се произведуваат во оваа држава итн., тоа може да се направи на брзина и да има некакви ефекти.

Ете во таа смисла сугерирам некои предлози во овие заклучоци кои што се предложени и уште еднаш на крајот да повторам сите овие приказни и ние и други пратеници ќе ги повторуваат ако оваа држава не запне да ја стабилизира вкупната економија за земјоделието нема пари од никаде ако буџетот не обезбеди пари.

**НАУМ СИМЈАНОВСКИ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, навистина Македонија се наоѓа во една тешка ситуација, тоа покажува и самиот факт да еве и во собраниска процедура ќе се расправа за две големи штети тоа е штетата од сушта, после тоа ќе се расправа за хаваријата во РЕК. Наднас, над Македонија над сите надвиснува уште поголема штета, а тоа се санкциите кон СР Југославија, а индиректно влијаат на стопанството во Македонија за кои првичните показатели кажуваат дека се штетни негде од околу милијарда долари, а како што одат работите најверојатно тие ќе бидат уште многу поголеми. Се надевам дека и оваа трета информација за оваа трета голема штета врз Македонија на една од наредните седници ќе дојде на дневен ред.

Да се навратам на сушта. Барањето за изгорвување на една ваква информација поттикна негде во јули, сега сме тек септември, мислам дека и самиот предмет доби во тежина во овие два три месеци, но самиот факт на еден ваков горлив проблем да се чекаше три месеци да дојде во собраниска процедура кажува тоа колку нашата власт и извршна и собраниска не е во функција на решавање на тековните проблеми.

Ќе дадам една причинско последична анализа на самата суша. Како директни произведувачи нормално со временските прилики кои се идентифицирани уште во јуни - јули месец, кои укажуваа дека ќе дојде до оваа катастрофа. Индиректните предизвикувачи ги лоцирам во нерационалното, нефункционалното користење на постоечките акумулации и системите уз нив. Последиците ги сноси директно

земјоделецот, производителот со показатели презентирани во дадената информација кој нормално адекватно треба да се вреднуваат. Индиректно за кои што во информацијата ништо не е спомнато тоа е надградбата на примарното производство, а тоа се производствените капацитети, од прехранбената индустрија, трговијата како и сообраќајот кој треба овие земјоделски производи да ги транспортираат во земјава како и во странство.

Како трет сегмент е пристапот на изнаоѓање начин за решавање на овие проблеми прво кон директните производители, тоа ги рачуна предложените мерки, заклучоци кои се во собраниска процедура, а се прашувам самиот а и претставникот на Владата дали тие исти мерки кои се предлагаат како заклучоци ќе одговорат на зададениот проблем, мислам без давање на комплетен одговор од претставникот на Владата, дали тие обврзни заклучоци кои ова собрание ќе ги. даде до Владата дали истите ќе имаат практична примена, мислам дека без такви сознанија еден парламентарец не би требало да ги носи тие заклучоци од правматизам веќе ми е доста.

За друга категорија на индиректно оштетените скоро да не станува збор ни во информацијата, ни во предложените заклучоци. Мој предлог е и овие организации од надградбата трговијата и транспортот да бидат опфатени со бенефициите кои ќе бидат доделени на примарните.

Како посебна елементарна непогода се и пожарите кои во оваа година ги имавме во зголемен обем, а за жал истите не беа опфатени во оваа информација. Како засебен проблем го истакнувам проблемот со хидромелиорациите и системите за наводнување. Доста дискутанти тука кажаа дека истите не го положија испитот. Имаме укажување дека не задоволува и обемот со кои истите зафаќаат одредени земјоделски површини така да проблемот со акумулациите е доста голем и за истиот ќе треба навистина еднаш сериозно да се продискутира и во ова собраниско тело. Имено проблемот е за жал и со постоечките

акумулации кои нивото на одржување не задоволува, така да и она што е можно да се наводнува не се наводнува на она ниво кое треба да биде, а за нови воопшто не станува збор дека треба Македонија да гради нови акумулаиц а тоа мислам дека треба да е една стратешка определба во една макроекономија на секоја држава.

На крај би истакнал нешто и за самите заклучоци и за нивната не можност за реализација. Посебно би се осврнал на четвртиот заклучок со кој Собранието би укажувало на потребата претпријатијата кои претрпеа штета од елементарна непогода суша да бидат изземени од покренување на стечајна постапка согласно законот за стечаи и законот за финансиско работеше. Ние како собраниско тело мислам дека немаме такво право да даваме сугестии до Владата, до одредените институции да не се покренува стечајна постапка. Стечајна постапка се знае како се покренува,преку која институција, а не ние како собраниско тело да даваме таков заклучок тоа со закон го немаме.

Исто и во деветтиот заклучок ако веќе се усвои четвртиот треба да седат и оние институции кои тие заклучоци ќе треба да ги спроведат, а тие се СОК и со стопанските судови.

**ЦВЕТАН ЈОВЧЕВСКИ:**

Дами и господа пратеници. Народот рекол вака:- Во Солуна грош сомуна - ама до Солуна 100 сомуна. Јас оваа поговорка ја споменувам затоа што господата од Владата рече, поевтино е да купиме жито отколку да го произведеме. Јас сега се прашувам како ќе го купиме кога ниту имаме пари ниту можеме да го купиме. Можеме и 10 центи во Америка да го купиме ама додека дојде кај нас ќе стане кај нас ќе стане и 2 долари по килограм. Затоа сметам дека земјоделието е главниот потенцијал на оваа држава. Ние иако 50 години изигравме некоја индустриска земја, меѓутоа, се покажа дека ниту индустрија развиваме ниту земјоделие развиваме.

Што се однесува до сушата навистина е катастрофална, поготово можам да зборувам за Прилепскиот крај каде што оние тутунопроизводители кои не користеа никаков систем за наводнување, тоа е поголем дел од селата во Прилепско немаат никакви производствени резултати. Истото се случи и со Прилеп но како така со едно до две полевања можеби се поублажени последиците во однос на селските населби.

Сме донеле овде заклучоци, сме ја запалиле гајдата, сме свиреле, поминала седницата пак ќе ја угасиме гајдата ќе ја ставиме на плин пак ќе чекаме друга седница за земјоделие итн. Не ние прв пат тоа повеќе пати се повторува.

Сушата, исто така однесе голем дел од богатството на шумите. Меѓутоа сега дали беше неумесно на министерот за земјоделие и шумарство или беше голема спретност на министерот за урбанизам и градежништво што успеа своевремено кога имаше проблеми во пожарот министерот не ги повика одреден број на милиционери кои учествуваа во Горче Петров или РЕК Битола, меѓутоа министер изгледа беше помудар

па успеа да ги активира тие работници од Министерството каде што навистина ќе беа помали последиците во однос на оштетување на шумите од пожар.

Исто така сакам да потенцирам тука кога сум кај сушата, ако оваа држава 50 години, нека не се 50, 10 години наназад одвојуваше еден или два проценти од масата на сурово дрво кое е наменетио за огрев, можеше да обезбеди еден до два авиони кои ќе помогнеа за гасење на пожарите. сега вака ние само констатираме . Со илјади дрва годишно се сечи маса меѓутоа организациите кои се појавија како газди на шумскиот фонд не одвојуваа ни еден динар односно сите пари ги вложуваа за лични доходи и оној дел кој одеше најверојатно за во буџетот се користење исто така не наменски. 50 години констатираме дека на нас ни требаат акумулации. Тоа доаѓа исто како еден човек или едно семејство заклучило оти на него му треба стан 50 години и чека солидарен стан да му се даде. Меѓутоа, за жал ние 50 години констатираме дека ни треба микро акомулации или ако улации со кои ќе го наводнуваме ова жедно македонско поле, не успеавме да ги поставиме темелите. Само со констатација одиме. Меѓутоа треба во акција еднаш за секогаш да преминеме. Меѓутоа од констатации, ветувања и барања не се живее. Многу малку сме сториле во тој поглед. Конкретно Пелагонија која може да биде, можеби не Калифорнија но голем дел да прилега на неа ние ја оставивме така. Од Госпиражник до Грчка граница сето е равница, а Македонија нема ниту млеко ниту доволно жито, а златна земја е. Тоа е само резултат на тоа што нема наводнување.

Исто така сакам да напоменам , кога сум кај овие заклучоци пак ќе речам нема фајде иако се формира комисија, поготово за тутунот, крајниот резултат на исходот кај тутунот колку килограми ќе биде крајот

на март месец каде што навистина таа дотација ќе биде навистина обезвреднета. Но да ги оставиме тие проблеми. Треба сега да се зафатиме со проблемите кои моментално не тиштат бидејќи сме на прагот на есенската сеидба односно реколтата 1993 - 94 година. апелирам и сметам дека Министерството треба под најитно да најде начин да има олеснителни околности за набавка на семенскиот материјал, да има доволно погонско гориво, да има резервни делови односно тие резервни делови да не бидат под два третмани, индивидуалните земјоделски производители да ги набавуваат со 42% данок на промет, а додека организациите кои сеуште се водат како посебни организации да ги набавуваат со писмо за репродукција. Мислам ако градиме пазарно стопанство треба сите да бидат во исти кош, да нема разлика. И едниот ќе произведува килограм пченица и тој ќе ја стави во силусот на одредена работна организација и посебната организација исто така ќе ја стави во силосот на таа мелничка организација. Сметам дека не би требала да има разлика меѓу приватниот и индивидуалниот сектор.

Исто така набавката за заштитните средства да биде во исти кош односно, регресирано.

На крајот да заклучам, да не должам многу бидејќи доста од пратениците ги искажаа своите видувања за кои во голем дел и јас се согласувам, доста беше, да прекратиме со земјоделецот да се изигруваме односно да работиме зад неговиот грб бидејќи земјоделецот е една од поголемите категории на граѓани со пониско образование и каде што ако ги нема нив каков таков земјоделецот односно секој оној граѓанин што се занимава со земјоделие ни го одржува каков таков стандардот. ве молам уште еднаш да обрнеме поголемо внимание доста беше 50 години водиме политика на штета на земјоделецот.

XI/4.-

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Почитувани пратеници, мојата дискусија ќе ја сведам само на 5 минути, можеби и помалку од 5 минути од причини што имавме доста компетентни, стручни и сеопфатни дискусии од повеќе дискутанти и во таа смисла имам едно размислување да укажам на ресорното министерство во следните правци:

Прво, сметам дека целокупната состојба во земјоделието е многу лоша имајќи го предвид факторот суша. Се разбира и лаик и стручњак можат да докажат дека во целата Република преовладува суша и мислам последиците се јасни: ниски приноси, низок стандард, лоша материјална основа и севкупно тоа се одрзува и на социјалниот на економскиот развој на Република Македонија. Така да тоа е една општата констатација која преовлада кај сите со тоа што и јас ќе се задржам малку на локалитетот односно на нашата општина Куманово да укажам на некои карактеристични елементи кои ја карактеризираат бидејќи навистина и Куманово како општина која има околу 1200 квадратни километри со еден поголем број на земјоделско обработливо земјиште од кое само 4 и нешто се под наводнување, се наоѓа во многу тешка положба. Ова го констатирам од тоа дека јас на еден состанок заедно со господинот Томислав Стојановски присуствуваме каде беа присутни повеќе од 20-тина месни заедници и на тие состаноци се укажа дека практично сите месни заедници, без' разлика за која култура се работи се наоѓаат во многу тешка положба, имаат негативен одраз врз севкупниот приход. Меѓутоа, за мене е многу битно сега, бидејќи се наоѓаме во една таква положба дека треба да прогласиме елементарна непогода суша. Дилемата е во следното: Дали ние како држава сме спремни тоа да го прифатиме или не. Постојат две алтернативи.

XI/5.-

Ако прифатиме елементарна непогода суша тогаш постои еден вообичаен принцип кој е присутен во сите европски и други граѓански држави во светот, развиени и неразвиени, дека државата во тој момент ги прифаќа сите консеквенции во смисла на тоа: прво, да обезбеди материјална штета за вкупните штети што се предизвикани од суша, второ да финансира нова репродукција односно текот на репродукцијата во земјоделието и во индивидуалниот и во општествениот бидејќи тука е еден ланчан систем има една корелација меѓу индивидуалниот, општествениот па дури и стопанскиот систем и трето да обезбеди средства за целокупната категорија на граѓани кои може да се најдат или се нашле во положба од социјална потреба.

Имајќи ги предвид сите параметри на развиеноста на нашата Република, имајќи го предвид и буџетот кој беше утврден ја се сомневам дека нашата држава може ова да го преземе и покрај тоа што имаше некои стручни согледувања. Тоа е огромна работа која треба да ја земеме на товар односно да из~најдеме~ такви средства за да ги покриеме овие три елементи. Меѓутоа останува нешто на селективното Тоа селективно да не кажам дури е за мене многу посложено во однос на вообичаеното. Ако се прогласи да речеме елементарна непогода суша тогаш и Министерството и државата односно Владата и ресорните министерства многу поедноставно може да ги утврдуваат одредени параметри кои се изнесени во методологијата за оценка на цените и на штетите. Овде сега кога одиме селективно тогаш треба да погодиме дали Општина Куманово според одредени параметри се наоѓа во зоните на погодени општини со елементарна непогода суша и таа општина треба да биде ослободувана од тие и тие принадлежности што се дадени во предлог мерките на Владата. Тоа за мене е многу битно.

XI/6.-

Лично сметам и сум убеден во тоа бидејќи носам еден изворен податок дека Министерството за земјоделие сега како е организирано по вертикала и по хоризонтала не е доволно спремно ова да го направи, да ја направи правата проценка на штетите кои се присутни и во организациите ,мислам општествениот сектор тука се зафаќа и во индивидуалниот сектор. Сеуште постојат на хартија некои формирани комисии во една хетерогена структура/ заинтересирани или не заинтересирани, што значи дека тука треба да направиме напори оваа Комисија да ја освежиме со поквалификувана стручна сила за да може и покомпетентно да ги утврди овие штети.

Јас верувам, барем засега не слушнав дека Републичката комисија за оценки даде некаква информација. Дали работи или не работи јас не се впуштам во тоа, меѓутоа, практично ние на теренот мораме да ја појачаме таа комисија со поголем број на стручни лица за да можеме да обезбедиме една права проценка. Сега со две лица присутни во службата на Министерството за земјоделие лично се сомневам во тој дел. Така да апелирам до Министерството за земјоделие оваа работа многу сериозно да си ја прифати заради тоа што најверојатно на една од наредните седници на ова Собрание ќе можеме и поконкретно да расправаме поодделно за секоја општина која ќе биде сместена во рамките на таа анализа односно во рамките на таа информација и тогаш грчевито ќе се бориме со аргументи и против аргументи. Така да во таа смисла, еве министерот сигурно ме слуша и ќе го има ова предвид.

Што се однесува до Предлог мерките, да Ви кажам лично, барем според мене се многу декларативни. Често пати јас за ова во секцијата во Социјалистичкиот сојуз, бидејќи таму бев присутен, а сега во мојата

социјалистичка партија сме расправале повеќе пати во тој Социјалистички сојуз дека треба да се превземаат тие и тие мерки во однос на земјоделието, па предлагаме тоа и тоа. Исти мерки се пренесени и во рамките на овие предлози. Верувам, лично јас се носам со едно длабоко убедување и ги прифаќам како резерва, заради тоа што и Информацијата која нуди одредени показатели за мене се воопшто неверодостојни. Само еден пример да кажам. Кажано е дека пченицата е оштетена само со 7 до 17%. Апсурд. Јас тврдам дека во Свети Николе, еве колешката од Свети Николе ќе каже дека таму оштетување на јачменот и пченицата е 100%. Тоа исто така е присутно и во Куманово. На најголемиот регион, Козјачкиот, Криворечкиот, јас тврдам со факти дека таму најмалку 80% имаме оштетување на овие житни култури. Во таа смисла ние мораме да водиме сметка за еден ваков соодност заради тоа што ќе направиме голема штета ако констатираме дека е оштетена од 7 до 17%. Или ќе ја кажеме бројката, или нема да ја кажуваме заради тоа што е многу важно го овој аспект. Во таа смисла заклучоците односно предлогот мерките на Владата јас ги прифаќам со резерва. Исто така ги прифаќам со резерва и заклучоците на соодветната ресорна комисија. Мислам дека и Комисијата многу паушално, многу декларативно ги набележала доредени активности кои треба да се преземаат за надминување на последиците кои се предизвикани од суша. Еве ќе ви кажам само еден податок. Ако под услов ги ослободиме граѓаните, а треба да ги ослободиме од плаќање на одредени принадлежности, меѓутоа тоа ослободување зафаќа многу сфери, да не кажеме пензиско инвалидско, здравствената заштита, вработувањето итн., така да тоа е една редица проблеми со тоа што Владата уште сега треба , во една координација меѓу министерствата да кажат на кој начин сега ќе се компензираат тие недоволни средства кои би се ослободиле на дел од граѓаните по оваа обврска.

На крајот да заклучам. Исклучиво е" се произнесам по Информацијата негативно, по заклучоците на Комисијата исто така негативно, од причини што очекувам да направиме една севкупна права анализа на севкупните состојби на Република Македонија, а тоа да биде во рок од 15 дена и дури тогаш можеме да дискутираме за обемот на мерки, обемот на средствата и начинот на разрешување на проблемите. Оваа смисла мислам дека и ова што ќе го донесеме ќе остане само мртво слово на хартија.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Господинот Јордан Зафиров бара реплика.

**ЈОРДАН ЗАФИРОВ:**

Јас се извинувам меѓутоа сметам полно работи кои беа искажани од господинот Арсовски во однос на заклучоците на Комисијата сметам или не се прочитани до крај или не се -доволно разбираат.

Јас морам да му кажам на господинот Арсовски дека паушални заклучоци, молам дека не е соодветен тој термин и ако тој смета дека треба да има поинакви заклучоци можеше да дојде на Комисијата и да даде свој придонес и да не бидат заклучоците комунистички, да ги направиме такви какви доликуваат на времето. Меѓутоа, и самата негова дискусија беше типично социјалистичка.

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Нема да реплицирам заради тоа нема да спаднам на тоа ниво. Дали ги познавам или не ги познавам проблемите не знам,господинот Зафировски е министер по земјоделие, најверојатно ги познава. Сега јас

во таа смисла морам да се дисцантирам, нели. Тоа е и нормална појава, меѓутоа само сакам да укажам дека јас му тврдам на господинот дека премиите, регресите, компензациите, индивидуалниот земјоделец никогаш не ги зел и тврдам ако Вие тоа го тврдите во Комисијата дека со тие работи ќе го подобриме стандардот на индивидуалните земјоделци, се лажеме. Ако сметаме дека примарната емисија најповеќе ја користат земјоделците, пак се лажеме. Тврдам дека не се лажеме, јас дадов пратеничко прашање до одредени банки да дадат податоци кој користеше одредени кредити од банките. не ми се даде одговор. Се испостави дека најголемиот број на неземјоделци ги искористиле тие кредити, а не правите земјоделци. Од тој аспект, само овие два примери, да не говорам за примерите во рамките на социјалната политика кои треба да бидат остварени тука со одредена мерка, тоа е сосема дискутабилно. Така да тоа е прашање за дискусија, но тоа е друга тема.

**АЛИЛ ЏАФЕРОВСКИ:**

Почитувани пратеници, веројатно на земјоделието најмалку му фали социјалистички или комунистички заклучоци или било какви.

Веројатно му фали нешто друго што ние немаме долгорочна проекција околу развојот на земјоделието.

Дејствувањето на овој парламент од позиција на против пожарно друштво и донесувањето на разно"разни заклучоци во ексцесни состојби кога ќе има суша, град и слично веројатно нема ништо добро да му донесе на земјоделието.

И покрај тоа што на денешниот ден на дневен ред имаме Информација за последиците од сушата во 1993 година во земјоделието,

објективно не можевме да избегнеме да да не расправаме за севкупните состојби и проблеми во земјоделието.

Исто така слушнавме многу оплакувања за земјоделието, за одредени области, за одредени гранки во земјоделието, за одредени производи како се оштетени од сушата и слично.

Ние ја добивме Информацијата на Владата на Република Македонија во врска со штетите од сушата во земјоделието во 1993 година во која е набележано кај одредени производи колкав е процентот на загуби. Исто така ги прочитавме и мерките кои Владата ќе ги презема во врска со санирањето на овие состојби, но мислам дека има потреба да се оди селективно и да се види кој се тие производи кои се не само стратешки производи туку што е тоа што е стоково производство на оваа Република и што е тоа што на оваа Република и заштедува девизи, а и и носи девизи. Овде би сакал, бидејќи по-екнувам од подрачје во кое тутунот е главен производ, би сакал да кажам дека предвидувањата за тутунот 22% ќе биде намален количински во 1993 година би било еднакво на 6 милиони килограми тутун или еднакво на најмалку 30 милиони долари загуба за индивидуалните земјоделски производители, тутунари и за државата.

XII/1. сј/пј

**АЛИЛ ЏАФЕРОВСКИ:**

Кога, сме тука, при интервенирањето за санирањето на овие состојби во земјоделието обавезно Владата треба да има предвид дека при откупот на тутунот треба да се интервенира соодветно со финансиски средства овие тутунопроизводители да бидат на одреден начин обесштетени, да не се чека тоа да се случува напролет или малку подоцна за на крајот да не видат тие луѓе ништо. Уште повеќе што оваа година ткутунопроизводителите не ги добија ни 20% предвидени од примарната емисија за кредитираше на тутунопроизводството. Дали тие средства ги зедоа претпријатијата кои се занимаваат со откуп на тутун или пак не се земени, тоа не ми е познато, но сигурен сум дека тутунопроизводителите не добија ниту една дваесетина од оние средства од кои што требаше да ги добијат како кредитирање на тутуновото производство.

Во врска со заклучоците, заклучоци како заклучоци, ниту се лоши ниту се добри, ниту било кого обврзуваат. Овде беше спомнато од некои од колегите дека треба да се види дали и колку е оваа држава економски моќна да излезе во пресрет на вакви елементарни непогодби, или .да ..кажеме суша или поплава или слично. Да видиме од каде средства. Да видиме, исто така, колку оваа наша држава издвојува за земјоделството. Сигурно, издвојува. Јас овие денови се интересирав и гледам дека по многу основи издвојуваме средства за земјоделството. Но, клучниот проблем е што тие никогаш не стасуваат до рацете на индивидуалните производители. Сеуште ние не можеме да се откажеме од колхоскиот руски начин на организација на земјоделството. Не можеме повеќе да толерираме комбинати во Републикава кои се години, години во загуба и не само што ги санираме загубите, туку го кредитираме многу скапото производство. Некој овде рече дека подобро е да се купи пченицата од месечина да ја донесе, веројатно поевтино ќе не чини отколку што ги произведува земјоделските "комбинати. Сметам дека со ова под најитно,

XII/2.-

ова Собрание е одговорно за тоа. Покрај Владата, најмногу ова Собрание е одговорно. Не може повеќе да се продолжи, се се менува во нашиот систем го менивме политичкиот систем, економскиот го менуваме, земјоделството воопшто не го чепнавме, па станаа одредени граѓани на оваа држава газди на иљјади хектари, дали за себе или за други или на било кој начин ја обработуваат, како ја обработуваат таа земја, никаква контрола нема. Но, факт е, вистина е дека ние гасниме пожари во тие комбинати и издвојуваме по разно - разни основни средства и одат во рацете на тие комбинати. А велиме дека само 20% од земјата и целиот потенцијал е во рацете односно во општествен сектор. Овие осумдесет не замаат ништо и тие немаат загуби односно се приморани сами да ги покриваат загубите на 20% на кого му се дало и земја и средства и трактори и слично, покрај тоа што ќе произведат еднаш треба да му се плати, затоа што одат на работа уште еднаш треба да им платиме и загубите треба да им ги покриеме. Ова го нема нигде на светот.

Господа, мое лично мислење е дека земјоделиeто бара по суштински, посеопфатен приод и решаваше во темел. Комасација на земјата, растурање на кобинатите, буквално растурање не може повеќе да се толерира тоа со случајот со земјоделските комбинати. Земја во општествен сектор или во колективна сопственост и терање на некакво земјоделие,го видоа многу држави во светот, па видоа дека таа работа неоди. Русија се откажа од колхолскиот начин на земјоделско организирање, ние се уште не можеме да го разрешиме тој проблем. Мислам дека еден дел од заклучоците или еден заклучок  би требало да произлезе, средствата кои се наменети за регреси, за премии и Слично да се насочат огромниот дел или пропорционално да се насочат во однос на како што е односот 80/20 во индивидуален сектор, а не заради неорганизираност на индивидуалните земјоделски производители, тие средства секогаш бидејќи писари има нормално, во

земјоделските комбинати, да одат во рацете на земјоделските комбинати и да оплакуваме на секои шест месеци земјоделието, на земјоделието. Мислам дека немаме никаков ќар за земјоделството од тажачките одреди кои се формираа во овој парламент.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Господин Васил Зимбаков.

**ВАСИЛ ЗИМБАКОВ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, уште еднаш се покажа дека кога зборуваме за земјоделството во Македонскиот парламент има пријавено најмногу дискутанти, а најмалку слушатели во салата. Точката на дневен ред е Информација за штетите од сушите во земјоделството во 1993 година и дополнувањето на Информацијата. Овде беше кажано многу за сушата што ја зафати нашата држава, но рака на срце беа измешани многу работи и други работи од областа на земјоделството, кои можеа да се решаваат, но не сега во овој момент и не на оваа седница и во овие услови. Од еден добар дел од дискутантите се слушнаа дискусии како Владата да ја најде виновна, затоа што нема дожд, што е суша, што е намалено производството во*земјоделството итн. Мое мислење е дека ние овде како парламентарци треба да дискутираме и да предлагаме решенија за како побезболно да ги ублажиме последиците од суштата, но нормално во согласност со можностите на државата.

Разгледувајќи ја информацијата и дополнувањето на истата сметам дека дава една слика за состојбата, а уште појасно и поблиску состојбата и од искажувањата на парламентарците кои доаѓаат од општините. Јас не би сакал да се повторувам со претходните дискутанти

бидејќи нема ништо ново да кажам ако состојбата во земјоделството е многу, многу тешка. Сакам да и дадам целосна поддршка на Информацијата за штетите до суштата во земјоделството во 1993 година и дополнувањето, како и материјалот кој ни го понуди Владата. Исто така, ги поддржувам и заклучоците на Владата кои се дадени во дополнувањето на Информацијата и предлог - заклучоците по Информацијата за штетите од суштата во земјоделството во 1993 година. Како дополна на овие заклучоци би предложил исто така ослободување на индивидуалните земјоделци од сите даноци и придонеси за 1993 година, бидејќи истите не се во можност да ги платат на државата и другите субјекти. А долгорочно би предложил да се продолжи со активностите со доградбата со започнатите мали акумулации и отпочнување на нови мали акумулации за кои не треба многу да се вложи, а многу се добива во нашата државата.

Јас на крајот би апелирал до Владата и до Министерството за земјоделство, а и до сите надлежни субјекти во државата овие заклучоци кои се понудени од самата Влада кои се дадени во дополнувањето и предлог - заклучоците од Комисијата да ги реализираме на хартија во пракса. Ако тоа го направиме мислам дека сме постигнале некоја цел за ублажување на рушата, односно последиците од сушата што ја зафатува нашата држава.

**ГОЦЕ АНДОНОВСКИ:**

Почитувани пратеници, мислам дека понудениот текст на Информацијата за санирање на штетите од сушата се сосем сувопарни и не се ни јасни за да се извлечат заклучоци како тие состојби да се санираат.

XII/5.

Втора работа што се однесува до предлог - заклучоците мислам дека овие предлог - заклучоци се сосем декларативни и дека не нудат никакви излезни решенија за санирање на состојбата во врска со сушата во Република Македонија. Меѓутоа, кога сум веќе тука сакам да го истакнам следното што потполно го поддржувам колегата Бранко Арсовски за еден несериозен однос на државата кон една ваква витална есенцијално важна од круцијално значење во вкупната општествена репродукција на стопанската дејност. Лично мислам дека земјоделското производство треба да биде број 1 како стопанска дејност во Република Македонија. За жал, односот на државата е несериозен со немање на концепт и немање на стратегија за развој на земјоделското производство во оваа држава. Порано ни сметаше дека Југославија не инвестираше во развојот на земјоделството. Сега како да немаме концепт ние да ја реализираме на едно модерно современо земјоделско производство просто кај нас во Република Македонија. Ако во Република Македонија, само за илустрација виреат некаде околу 3.000 врсти на растенија, од вкупно 6.500 што виреат на Балканскиот полуостров, јасно зборува колку агрогеолошките прилики ни се наклонети нас. Ако во Република Македонија атмосферските падавини се некаде 450 до 550 тоа зборува дека во Република Македонија има агроеколошки и климатски услови за развој на земјоделското производство. Меѓутоа, колку ние сме направиле во правењето на акумулации, во инвестирање на еден концепт за развој на едно модерно современо земјоделство, тоа е дефект во нашиот однос кон ова производство. Немаше, сигурно, со оглед на тоа што потекнувам од таков овоштарски крај, да го потенцирам тоа дека со немањето неиновираната, неконструираната канадска мрежа, практички голем дел од овошните насади веќе се исушија, како што се во селата Долно Дупени, Сапоско итн. во Преспанските региони можам слободно да ви кажам ако навреме тоа беше санирано, не само што тие земјоделски

производители ќе имаа корист од тоа, ќе имаше корист и државата. Вака како што е поставено земјоделското производство најголем дел од структурата што се занимава со земјоделско производство, главно, се старци. Најголем дел од земјоделските капацитети не се искористени како што треба. Во услови кога не даваме никакви регреси и премии за развој на земјоделското производство ние на оваа стопанска гранка овдека само декларативно ќе се залагаме дека и помагаме, а практично тоа не го правиме. Мислам дека првиот чекор што треба да го направи на овој план е работа на Владата. Немаше сигурно дека цената на земјоделските производи, конкретно на јаболката, да кажам често пати можеби сум досаден по ова прашање, меѓутоа, го актуализирам намерно, ќе рече пониска, ако навреме се дадеа регреси за снабдување со некои билки за прскање на овие овошни насади. Затоа, мислам дека, иако долго се расправа по оваа тема, мислам дека не се залудни расправите во однос на расправата на земјоделското производство. Мислам дека такво однос треба да има и Владата во однос на развојот на земјоделското производство.

**ТИМЕ АНДОНОВ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, не би сакал да ги повторувам зборовите искажани во досегашните дискусии, ниту пак да ги набројувам културите кои што се подвргнати на овие последици од сушата. Од временската непогода, односно од сушата веќе сите рекоа дека има катастрофални последици, но тоа сепак е различно во различни региони. Многу е важно дали во одреден регион има акумулации и со колку вода имаат располагано оваа година. Јас сакам да истакнам дека од акумулацијата "Мантово" оваа година не потече ни капка вода низ каналската мрежа, а сите знаете што значи тоа. Тоа значи катастрофа во земјоделството. Со ова сакам да кажам дека најкастрофални последици имаат земјоделците од Радовишка општина.

XII/7.-

Па, затоа Владата треба да има предвид, сумирајќи ги последиците од сушата и одредувајќи ги средствата во одделни општини Радовиш да добие најмногу процентуално. Но, сепак треба да се каже дека со доделувањето на средствата заради катастрофалните последици, проблемот нема да се надмине, бидејќи сушата се појавува како последица едно по друго повеќе години. Затоа, Владата треба алармантно да планира средства за изградба на нова акумулација во Радовишко и тоа уште оваа година. А, проблемот е уште поширок, бидејќи и Струмичката котлина е засегната, мислам нема доволно вода и акумулациите се празни, па има во Радовишко слив кој може да се искористи за целиот регион.

Инаку, што се однесува до Информацијата и предложените мерки тие се општи и моментално не можат да се предвидат конкретни бидејќи сеуште не се сумирани последиците во Републиката. При изготвувањето на Информацијата што треба накнандно Владата да ја достави, мислам тогаш треба да разговараме кои конкретни мерки треба да ги преземе Владата и тогаш ние да се вмешаме со наши дискусии.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Господинот дискутант беше последен 25-ти по ред дискутант по расправата за Информацијата на Владата.

Дали некој друг бара збор?

Господинот Ефтим Анчев министер за земјоделство во Владата на Република Македонија.

**ЕФТИМ МАНЧЕВ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, почитувани дами и господа, би се потрудил многу накратко да дадам некои можеби додатни информации во врска со Информацијата за сушата, а и да се осврнам на некои предлози на многу обемната и по мене корисната дискусија, која што по оваа значајна тема во Собранието се водеше.

XII/8.-

Пред се, би сакал да кажам овде од голем број пратеници беше истакнато дека сушата како појава во Македонија не е никаква новина. Општо познато е дека Македонија е едно од најсушните подрачја на Балканот и во Европа и во нашава држава уште 1952 година таа работа е добро констатирана од науката и струката, така да академикот Филиповски уште во таа година има напишано еден многу значаен фундаментален стручен труд Сушата во Македонија и можности за борба против неа, кој што и ден денеска претставува еден фундамент за елаборирање на оваа појава. Сушата е резултат на судирот на две зонални клими на континенталната клима и метидеранската клима и од тоа бегање нема. Се разбира, на овие природни законитости има значајно и антрополошко влијание, кое што придонесува со девастацијата на шумите, со недомаќинско стопанисување на водите овие негативни последици од сушата да се потенцираат.

Последниве неколку години, веројатно сме во тој циклус на суштен период и веројатно тој циклус ќе потпрестане и ќе влеземе во циклус на нормални години. Меѓутоа, за тоа не може посебно да се елаборира1'1993 година до април месец и почетокот на мај имаше добар развој на земјоделските култури и нашите прогнози беа дека можеме да очекуваме присуојна и просечна жетва, меѓутоа ,многу високите температури во мај, топлотните удари во отсуство на секакви врнежи придонесе прилично катастрофални последици, особено во источниот дел на државата Македонија;

XIII/1 НН/ЛБ

**ЕФТИМ АНЧЕВ**: (продолжение)

На почетокот на 6б-та седница на Собранието од овие пратеници беше ставена оваа точка на дневен ред. При тоа морам да ви кажам дека Владата се изјасни оваа точка не е за ставање на дневен ред, меѓутоа со гласање пратениците ја ставија бидејќи сметавме дека не е моментот тогаш за ставење на оваа точка на дневен ред, потребни се опрезни согледувања и кога Парламентот бара информација по ваква материја неопходно е да излеземе со конкретни предлози од краткорочен карактер, а за долгорочен карактер многу потешки бидејќи за тоа треба крупни пари. Како да е за таа информација за која се изјаснивме дека не сте задоволни уште веднаш тогаш беше доставена а сега по 40 дена доаѓајќи на дневен ред на оваа трчка се потрудивме и одредени дополнувања да дадеме и ја дополнивме со одредени и нови податоци и глобални согледувања и определба на Владата што би требало да се дејствува во овој правец откако сите комплетни дејствија врзани со позитивните законски прописи ќе бидат привршени.

Пред се би сакал да кажам дека постои закон за солидарност од елементарни непогоди и Владата е должна да постапува по тој закон и постапува преку надлежното министерство. На терен работат комисии, бидејќи таа работа мора комисиски да се врши, формирани се уште од Општинските собранија. Во таа смисла се разбира дека стојат забелешките дека законот мора да се иновира во врска со новите и уставни решенија и комплетната општествена практика и состојба во Македонија.

Според тоа согласно тој закон за еден период многу догледно од месец дена ќе бидат комплетно елаборирани сите штети во сите реони на Македонија и согласно тој закон ќе биде прогласена елементарна непогода од суша, меѓутоа се разбира пак во согласност со тој закон само во оние .општини каде што штетите од суша изнесуваат повеќе од 10% од националниот доход.

XIII/2

Меѓутоа, се разбира Владата може и повеќе од тоа да учини, а тоа е кажано во заклучоците, во дополнувањето на Информацијата дека покрај дејствувањето со овие средства, што е најнормално и што е обврска на Владата,Владата се обврзува да дејствува со средства и од буџетот, што се разбира дека беше кажано дека е прилично декларативни и неквантифицирано, а во овој момент ниту може да се кватифицира бидејќи нема билансирано такви средства во буџетот. Буџетот ова Собрание го донесе , нема предвидено такви средства, евентуално од буџетската резерва би се потрудиле на се најдат одредени средства за интервенција бидејќи блиску до памет и многу логично е и во прак- тиката на сите модерни држави е кога една извршна власт прогласува некаква елементарна непогода веднаш да интервенира со еднократна помош. Така да таа декларација постои, таа е и обврска меѓутоа во моментот се разбира никако не може да биде квантифицирана. Инаку, нашите комисии имајќи ги во предвид забелешките од господинот Арсовски дека тие работат по стариот терк на закон и дека тие не се доволно можеби ажурни, меѓутоа мора да се работи комисиски оваа работа бидејќи се работи со оценки, со бројки што значат пари и едно лице не смее тоа да го работи, Тоа е сосема нормална работа. Ние имаме согледувања за штетите и нив не смееме сеуште да ги презентираме како официјален податок. Дел од нив се презентирани, глобална оценка е дека 3,5 милијарди денари оваа суша нас ќе не чини. Јас би ви кажал без тоа да има значај како потполно верифициран податок дека на пр. оштетувањата во проценти кај пченицата изнесува 17%, кај р"ж-та 37% кај јачменот 17%, кај оризот 73%, кај сончогледот 49%, кај пченката 52%, кај луцерката 63% итн. При тоа нагласувајќи дека катастрофални штети ќе имаме и во сточарството.

XIII/3

Сакам да ви кажам дека сушата направи штети и тие се ненадокнадиви. Физичкиот обем на производство не е намален. Ние што и да правиме, колку и да имаме пари и од каде и да ги имаме тие пари ненадокнадив е губитокот во смисла на физички обем на ориз, на пченица. Тоа ќе има неколкукратни реперкусии врз преработувачката индустрија, врз трговијата, врз транспортот и сето тоа што значи.

Во однос на палиативните мерки, лечивни мерки кои донекаде ќе ја ублажат положбата ние воопшто не се занесуваме со илузија дека можеме комплетно штетите да ги надокнадиме, туку мерките што ќе се преземат се само донекаде да ја ублажат состојбата со штетите претрпени со сушата и тоа пред се во репродукционен смисол, тие пари да влезат во новиот репродукционен циклус а земјоделието знаете сите е таква процедура, таква постапка да перманентно има, нема стоење, во земјоделието не можете да запрете. Во индустријата можете да запрете да произведувате телевизори а после да продолжете. Овде не може. Овде се жнее, па после мора да се ора и веднаш мора да се сее, па мислиме дека ова што со едвите јади ќе се собере помош за земјоделците обавезно да влезе во новиот репродукционен циклус. Инаку, кој пари се тие. Добар дел од вас ги знае и овде ги кажа, тоа по законот за борба и солидарност од елементарни непогоди секое претпријатие е должно еднодневната заработувачка да ја има, за тоа ќе се издаде наредба веројатно од финансиските органи, ќе се собере еднодневната заработувачка ,од фондовите на правните лица и таа пара ќе се намени за оваа намена. Тоа е тоа, значи колку еднодневната заработувачка на Македонија.

Се разбира најважни се стратегиските определби во однос на борбата против сушата. Такви определби се јасни. Определбите се да се градат хидро мелиоративни системи. Ова не е никакво ново сознание. Уште одамна во Македонија отпочнат е циклус на крупни инвестиции

во хидромелиоративни системи и можам да ви кажам да ако во нешто Македонија добила живеејќи во бившата СФРЈ е во овој домен и стручната проценка на луѓето кои што работат на проблемот на сукцесија на СФРЈ кажува дека 2,5 милијарди долари вредат хидромелиоративните објекти во Македонија, кои што се, се разбира сите изградени после 1945 година. Македонија во најлоша проценка има можности денеска да наводнува 120 илјади хектари површини, што не е безначајно. Стратегиски се разбира дека ние во Министерството размислуваме во овој правец. Дури имаше и потенцирано што би можеле ние да се изјасниме во однос на Вардарската долина. Тој проект бил актуелен овде пред година ипол две, сега јас не можам најточно да се изјаснам, едно затишје е во однос на овој проект, меѓутоа сигурно е дека најголемиот хидроресурс во Македонија е недоволно искористе, реката Вардар и дека тука треба големи напори од финансиски карактер да се направат. Моите податоци зборуваат дека за комплетната ефектива е инвестирање во сите правци и во енергетски и во туристички и во еколошки изнесува 7,5 милијарди долари и дека тоа е еден крупен зафат кој што бара големи меѓународни конзорциуми за инвестирање итн.

Ние во Министерството имајќи и дирекција за водостопанство и покривајќи ја оваа дејност ги држиме потполно под контрола состојбите со водостопанство, кои што се ужасно лоши од поголемиот дел од пратениците овде се повеќе свесни за катастрофално лошата состојба во нашето водостопанство. Можам да ви кажам да по официјалната статистика во Македонија најниски лични доходи на вработените во Македонија е токму во водостопанството. Послаби лични доходи имаат и од земјоделие и од угостителство. На пример еден од најзначајните водостопански објекти во Македонија, во источна Македонија, брегалничкиот хидромелиоративен систем кој што покрива огромен

потез, од над Кочани, значи од Делчевска општина , зафатот Калиманци е заправо на територија на Делчевска општина, па се до Велес. Со капацитет просечен на зафатот 120 до 13 0 милиони м , со огромна должина на два меѓустрални канала кои што се во катастрофално лоша состојба. Сите хдиромелиоративни системи ни се руинирани. Тоа е факт кој што и странските експерти за помош, или за кредити што доаѓаат им го кажуваме, а и да не им покажеме имаат набиено око и веднаш го воочуваат. Во таа смисла ние и работиме на добивање и на помош и сме на потез помошта од Европската заедница, да добиеме одредена помош, која што не е тајна, луѓето од Тиквеш знаат во овој момент треба да се насочи во тој дел од Македонија.

Многу потребна е финансиска инекција за источниот регион и тоа како е потребно инвестираше во новите системи. Само да ви кажам. Има технички проекти во прилично одмината фаза. На пример за хидромелиоративниот систем Бучин, кој што ги наводнувал во северниот дел на Пелагонија, во Прилепскиот дел преку 30 илјади хектари има проект кој што чини преку 300 милиони долари. Верувајте ова е вон од доменот на моето министерство да јас елаборирам толкави пари о оваа Македонија не може тие пари да ги елаборира без финансиска помош.

Во секој случај не е само проблем со водата за наводнување . Во многу случаи водостопанските компетенции се мешатаа и со комуналните функции и со водата за пиење и ние имаме во оваа година и во не мал број години и проблеми со водата за пиење. Оваа година, на пример ќе ви кажам на два пати моравме удари да правиме водени за Делчево за да може бунарите да функционираат бидејќи граѓаните беа без вода. Триста проблеми се тоа и многу е тешка ситуацијата и потребно е навистина една крупна инекција, еден крупен напор за финансиска поддршка на овој дел за водоснабдувањето. Во Македонија можеби еден од најсуштинските проблеми е проблемот на водата.

XIII/6

Јас би сакал да ви кажам дека сите овие работи максимално ние ги елаборираме дека овие мерки кои што како ориентација на Владата со оваа втора информација беа презентирани дека тие мерки Владата ги елаборираше дека Владата, се разбира, што треба се ќе направи по оваа работа меѓутоа дека последици од овие штети ќе останат, а се ќе се направи во најзагрозените подрачја одредена помош да се добие. Проблемот, уште еднаш ќе го цитирам господинот Арсовски, што господинот Арсовски го кажа, бидејќи не може цела Македонија да биде прогласена според тој закон како подрачје зафатено, бидејќи иако има намелени приноси на пр. во битолско на пченицата, меѓутоа битолско на ниво на комбинат "Пелагонија" на близу 9,5 иљјади хектари доби просечен принос скоро 4 тона. За индивидуалниот сектор сега не можам да кажам, го имаме тој податок, што значи неможеме веројатно таму. Затоа ние не можеме сега да зборуваме. Мораме сите како Републичка комисија , има претседавано Министерството за финансии која сето ова ќе го изоцени и ќе отиде со предлог за прогласување. Сега во однос на тоа рангирање, можеби и околу тоа ќе има проблеми и незадоволства, некои општини ќе бидат веројатно незадоволни. Во таа смисла ве молам Информацијата да биде прифатена и да и препуштите на Владата во унисон со ингеренциите што ги има како извршна власт да интервенира и вакви работи согласно со моментот кога комплетно ќе ги изелаборира и прогласи овие елементарни непгоди да ја приложи помошта кон најзагрозените подрачја во Македонија.

Што се однесува до другите моменти кои што овде беа истакната како проблематика во аграрот мислам би било неупатно од моја страна сега да ги елаборирам. Во голем дел беа пожарите. Пожарите се елементарна непогода, меѓутоа се потенцираат при сушни години ама колку јас имам информации, а во најголем дел тоа е во делокругот на

XIII/7

Министерството за внатрешни работи оваа година има за жал не само нехотични пожари, туку и намерно предизвикани пожари. Тој дел е вон моќта, инаку Министерството не сакаше да се јавува со телевизиски настапи, со разни други настапи, но исто така ги алармира шумските стопанства кои што се надлежни да вршат одредени дејствија во врска со пожарите. Во однос на шумарската струка превентивна е пред се функцијата и гаснењето се ажурира, меѓутоа во најголем дел органите што се професионално задолжени за таа работа.